ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03 Бр. 514/2016
05.09.2016 год.
СКОПЈЕ

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, во остварувањето на својата надлежност согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06) и член 80 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на проширена Општа седница одржана на 10.06.2015 година, во присуство на Претседателот на Вишиот управен суд, претседателите на апелационите судови ги разгледа рефератите подготвени од судиите известители на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2015 година.

По одржаната расправа и изнесените Предлог заклучни согледувања и констатации од страна на судиите известители на Врховниот суд на Република Македонија, како и дадените забелешки и предлог мерки од присутните претседатели воедно надлежни и за Управниот и основните судови од своето апелационо подрачје, беа изготвени Оценки и заклучоци.

Општата седница одржана на 05.09.2016 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

## ВИШ УПРАВЕН СУД

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Вишиот управен суд од претходната 2014 година останале нерешени 82 предмети. Во текот на 2015 година примени се 4.349 нови предмети, така што вкупно во работа биле 4.431 предмет. Во 2015 година решени се 3.336 предмети, а останале нерешени 1.095 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 317,7 предметі, а по судија 35,3 предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во извештајниот период во Вишиот управен суд примени се 1.096 предмети од областа на судската управа од кои во уписникот "Су" се заведени 841, во уписникот "Су-Дов" се заведени 15, во уписникот "Су.Стр.Дов" е заведен 1, во уписникот "УПП"се заведени 237 и во уписникот "СПИ" се заведени 2 предмети. Сите предмети од судската управа се решени.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Работата по предметите во Вишиот управен суд се одвива во три специјализирани судски оддели.

**Оддел за имотно–правна област и други права**

Во овој оддел во извештајниот период се примени 1.592 предмети, од кои се решени 1.160 предмет.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 110,4 или по судија 36,8 предмети.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права**

Во овој оддел во извештајниот период се примени 1.514 предмети, од кои се решени 1.097 предмети.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 104,4 или по судија 34,8 предмети.

**Оддел за финансиски, царински, даночни и други права**

Во овој оддел во извештајниот период се примени 1.243 предмети, а решени се 1.079 предмети.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 102,7 или по судија 34,2 предмети.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во овој суд нема предмети кои останале нерешени повеќе од 2 години, односно од 2013 година.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Вишиот управен суд се предвидени 53 извршители, од кои пополнети се 13. Во 2015 година поднесено е барање до Судскиот буџетски совет и Судскиот совет на Република Македонија за пополнување на најприоритетните слободни работни места, но согласност не е добиена.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

**Просторните услови се несоодветни и незадоволуваат.**

## 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во споредба со 2014 година, приловот на предмети е зголемен за 1.299 или 23,3 %.

Зголемен е бројот на решени предмети за 581 или 8,4 %, но и покрај тоа приливот не е совладан во целост и заостатокот е зголемен за 1.013 предмети или 92,5 %.

Енормното зголемување на заостатокот на предмети и покрај зголемениот број на решени предмети, како императив ја наметнува потребата од итно кадровско екипирање на судот со судски советници и соработници.

Просторните услови за работа и опременост на судот со компјутери и друга техничка опрема задоволува.

Според бројот на решени предмети во извештајната година и бројот на нерешени предмети Вишиот управен суд се смета за **ефикасен суд.**

**Предлог мерки:**

1.Итно кадровско екипирање на судот со судски советници и соработници.

2.Континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот:

3.Постојано да се следи месечниот прилив на предмети кој се зголемува, како би можело навремено да се интервенира со распоредувањето и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;

4.Судот почесто мериторно да ги решава управните работи:

5.Како и претходната и оваа година, ја потенцираме потребата од навремено и трајно сместување на овој суд и Управниот суд во иста зграда и

6. Воспоставување електронска интерконекција на органите со Управниот и Вишиот управен суд, преку кој би се обезбедил електронско доставување на предметите, со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата

## УПРАВЕН СУД

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година во Управниот суд се примени 12.182 предмети, од претходната година останале нерешени 10.743 предмети, повторно зааведи предмети се 199, погрешно заведени предмети се 67 или вкупно во работа биле 22.858 предмети, од кои 13.197 предмети се решени, а останале нерешени 9.661 предмет.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 1.257 предмети.

Во извештајниот период по жалба биле решени 3.320 предмети од кои потврдени 2.298 или 69,22%, преиначени 666 или 20,06 %, укинати 148 или 4,46%, делумно укинати 32 или 0,96 % и отфрлени 174 или 5,24%.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во извештајниот период во судската управа се примени 1.654 предмети евидентирани во уписниците "Су", решени се 1.654, а останале нерешени 3 предмети. Во уписникот "УПП" евидентирани се 1.136 новопримени предмети, решени се 1.145, имајќи го во предвид остатокот од претходната година, а останале нерешени 8 предмети. Во уписникот "СПИ" се евидентирани 39 нови предмети, решени се 48, а останал нерешен 1 предмет.

### 3.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

Работата по предметите во овој суд се одвива во четири специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно–правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права**

Во овој оддел постапуваат два совета. Советот кој постапува по предметите од имотно-правната област и други права решил 1.438 предмети, а останале нерешени 1.171 предмет. Советот кој постапува по предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други права решил 1.840 предмети, а останале нерешени 1.348 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 312 предмети.

Во овој оддел од 607 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 472 или 77,75%, преиначени се 70 или 11,53%, укинати се 25 или 4,11% и отфрлени 40 или 6,58 %.

**Оддел за денационализација и други права**

Во овој оддел решени се 3.275 предмети, а останале нерешени 1.112 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 311,9 предмети.

Во овој оддел од 710 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 466 или 65,6 %, преиначени се 169 или 23,83 %, укинати 45 или 6,34 % и отфрлени 30 или 4,23 %.

**Оддел за за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права**

Во овој оддел функционираат два совети. Советот кој постапува по предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права решил 1.904 предмети, а останале нерешени 1.208 предмети. Советот кој постапува по предметите од областа на царините и други права решил 1.461 предмет, а останале нерешени 2.210 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 320 предмети.

Во овој оддел од 1.017 предмети, вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 636 или 62,53 %, преиначени се 256 или 25,17 %, укинати 38 или 3,73 % и отфрлени 62 или 6,09 %.

**Оддел за јавни набавки и други права и даноци**

Во овој оддел вкупно биле решени 3.279 предмети, а останале нерешени 2.811 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 312,3 предмети.

Во овој оддел од 230 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 151 или 65.65 %, преиначени 67 или 24,78 %, укинати 10 или 4,35 % и отфрлени 12 или 5,22%.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот од извештајниот период останале 113 стари предмети. Во текот на годината статус на стари предмети добиле 665 предмети или вкупно 778 од кои се решени 705 предмети, а на крајот од 2015 година останале нерешени 73 предмети.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Управниот суд се предвидени 134 извршители од кои се пополнети 60, а 74 се непополнети.

Имајќи го во предвид обемот на работа, бројот на вработени судски службеници е недоволен што негативно се одразува на севкупното работење на судот, и доведува до пречекорување на предвидените рокови за постапување.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во извештајниот период Управниот суд своите надлежности определени со закон, ги обавува во истите простории од неговото основање. Претходно констатираниот проблем за неадекватноста на просторните услови за нормално и ефикасно функционирање на овој суд, продолжува и во 2015 година.

## 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Недоволната кадровска екипираност доведува до застој во движењето на предметите и пречекорување на предвидените рокови за постапување. Приливот на предмети споредено со претходната година е намален за 1.563 предмети. Бројот на решени предмети е намален за 2.198 предмети. Приливот е совладан во целост, а заостатокот намален за 883 предмети.

Во споредба со 2014 година, во извештајниот период квалитетот на одлуките е послаб.

По предметите за денационализација се продуцираат нови парнични предмети пред основните судови. Со одлуката со која Управниот суд го поништува управниот акт на органот, го упатува органот да го реши претходното прашање дали поранешниот сопственик од кој е одземен имотот бил сопственик на тој имот. Органот на управата со заклучок ја прекинува постапката за денационализација и барателите ги упатува на парница да докажат дека нивниот правен претходник (оставителот од кој е одземен имотот) бил сопственик на одземениот имот. Со ваквиот начин на постапување покрај управната постапка, управниот спор се продуцира и водење на парница, а поради должината на постапката и постапка за повреда на принципот за

судење во разумен рок од членот 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права.

Просекот на решени предмети за 2015 година изнесува 1.257 предмети месечно. Управниот суд во 2015 година е **релативно ефикасен суд,** ако се има во предвид дека заостатокот на нерешени 9.860 предмети може да се реши за период од 7,8 месеци.

**Предлог мерки:**

1. Да се реши проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд;
2. Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот;
3. Континуирана едукација на судиите и вработените во судот
4. Судот почесто мериторно да ги решава управните работи со што би се обезбедило постапување во разумен рок во управно – судската постапка;
5. Постојано да се следи месечниот прилив на предмети, како би можело навремено да се интервенира со распоредување и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;
6. Да се решат старите предмети;
7. Да се воспостави електронска интерконекцијата на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд, преку кој би се обезбедило електронско доставување на предметите, со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата.

## АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

### АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

#### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во извештајната 2015 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 23.546 предмети, од кои 6.268 предмети кои како незавршени се пренесени од претходната година, 17.166 новопримени предмети и 112 предмети повторно во работа. Споредбено во однос на претходната година кога обемот на работа изнесувал 20.087 предмет, истиот е зголемен за 2.116 предмети.

Во оваа година приливот на нови предмети изнесува 18.462 предмети, кој споредбено во однос на претходната година претставува зголемување за 2.301 предмет.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 16.130 предмети и тоа 16.029 од новопримените предмети и 101 од предметите повторно земени во работа, што е за 200 предмети повеќе во однос на минатата година, и покрај непополнетиот број на судиски места утврдени за овој суд

Заклучно со 31.12.2015 година останале 7.416 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 1.142 предмети во однос на претходната година.

#### 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година судот имал во работа вкупно 2.831 предмети, кои се решени во извештајната година.

## 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

**Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал и кривични предмети- деца**

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 2.007 кривични предмети (КЖ) од кои 391 предмет се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.605 предмети се новопримени и 11 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 1.789 предмети, што значи дека приливот е совладан, а на крајот на годината останале нерешени 218 предмети кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 2.502 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 495 предмети. Приливот на новопримени предмети е помал за 711 предмети во однос на претходната година,кога се примени 2.327 предмети. Бројот на решени кривични предмети е намален за 322 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 391 предмет, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е намален за 173 предмети, односно останати се како нерешени 218 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал, во кој во работа имало вкупно 140 предмети, од кои 108 предмети се примени во извештајната година, 4 предмети се повторно во работа, а 28 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од предметите во работа завршени се 120 предмети, а како нерешени останале 20 предмети. Во однос на претходната година, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 11 предмети, приливот на нови предмети е намален за еден предмет, а бројот на решени предмети е зголемен за 19 предмети, при што и бројот на нерешени предмети е намален за 8 предмети.

Исто така, во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 27 предмети, од кои 2 предмети се пренесен од претходната година, а 25 се новопримени предмети. До крајот на извештајниот период решени се сите предмети.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2015 година во работа имало вкупно 4.128 предмети, од кои 815 предмети се пренесени од претходната година и 3.313 новопримени предмети, при што судот решил 2.763 новопримени предмети, а на крајот на годината 1.365 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена за наредната година. Во однос на претходната година кога судот имал во работа 3.566 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 12 предмети, а зголемен е и бројот на нерешени предмети за 550 предмети во однос на претходната година, кога изнесувал 815 предмети.

**Квалитет на работење во кривичниот оддел**

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 182 одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,36% од вкупниот број 5.420 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 128 биле потврдени, (што претставува 70,33% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, односно 2,36% од вкупно решени предмети), 19 одлуки биле укинати, (што претставува 10,44% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,35% од вкупно решените предмети) и 4 одлуки се преиначени, (што претставува 2,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек,

односно 0,07% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 31 предмет е отфрлен (што претставува 17,03% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек или 0,57% од вкупно решените предмети).

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**Граѓански предмети**

Во текот на 2015 година судот имал во работа вкупно 9.264 граѓански предмети од кои 2.551 предмет се пренесени како нерешени од претходната година, 6.677 предмети се новопримени и 36 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 5.878 предмети, така да на крајот на годината останале нерешени 3.386 предмети, кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 9.117 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 147 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е намален за 287 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 7.000 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 685 предмети во однос на претходната година, не е совладан приливот, а зголемен е бројот на предмети кои останале во работа на крајот на извештајниот период за 685 предмети во однос на 2554 предмети кои останале во работа на крајот на 2014 година.

**Работни спорови**

Во текот на 2015 година судот имал вкупно во работа 2.374 предмети, од кои 774 предмети биле пренесени од претходната година, 1.564 предмети се новопримени и 36 предмет повторно во работа, при што судот решил вкупно 1.395 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 979 предмети кои се пренесуваат за наредната година, при што приливот не е совладан.

Во однос на претходната година, обемот на работа е зголемен за 690 предмети, приливот е зголемен за 43 предмети, зголемен е и бројот на решени предмети за 486 предмети, но сепак бројот на предмети кои останале во работа е зголемен за 204 предмети.

**Квалитет на работење во граѓанскиот оддел**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 489 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 6,68% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 287 биле потврдени,(што претставува 58,69% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,92% од вкупно решените предмети), 49 одлуки биле укинати, (што претставува 10,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,67% од вкупно решени предмети) и 54 одлуки биле преиначени,(што претставува 11,04% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,74% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 98 одлуки е отфрлен,(односно 20,04% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 1,34% од вкупно решените предмети) и решени на друг начин се два предмета( 0,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек).

## ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2015 година, во работа имал вкупно 4.820 предмети, од кои 1.675 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, 3.121 предмети се новопримени и 24 предмети повторно во работа , при што судот решил 3.389 предмети, така што на крајот на годината останале 1.431 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 4.294 од овој вид на предмети, во извештајната година обемот на работата е зголемен за 526 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е намален за 74 предмет во однос на претходната година. Бројот на решени предмети по трговски спорови е зголемен за 771 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.618 предмети. На крајот на извештајната година останале 1.431 нерешени предмети, па бројот на нерешени трговски предмети е намален за 245 предмети во однос на претходната година.

**Квалитет на работење во одделот за трговски спорови**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 239 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 7,05% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 153 биле потврдени,(што претставува 64,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,51% од вкупно решените предмети), 34 одлуки биле укинати, (што претставува 14,23% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,00% од вкупно решени предмети) и 13 одлуки биле преиначени,(што претставува 5,44% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,38% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 38 одлуки е отфрлен,(односно 15,90% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 1,12% од вкупно решените предмети) и решени на друг начин е еден предмет (0,42% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек).

**РАЗНИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2015 година, судот постапувал и по друг вид предмети и тоа: 24 предмети од "Р" уписник – разни граѓански предмети, од кои 1 предмет од претходната година и 47 примени во текот на извештајната година, при што сите се завршени во извештајниот период; 613 предмети од "КСЖ" уписник – предмети по жалба против решение на основни судови, од кои 26 се пренесени од претходната година, новопримени се 586 предмети, а завршени се 597 предмети, така да останале незавршени 16 предмети на крајот на годината; 125 предмети од "КР" уписник – разни кривични предмети, од кои 5 предмети се пренесени од претходната година, примени во извештајната година се 120 предмети, а решени се 124 предмети, така да останал незавршен 1 предмет на крајот на годината.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на 2015 година, судот имал вкупно во работа 7.336 од овој вид предмети, и тоа 3.565 ГЖ предмети, 2.297 ТСЖ предмети, 1.060 РОЖ предмети, 83 КЖ предмети, 24 КОКЖ предмети, 2 КСЖ предмет и 305 ПРКЖ предмети. Во извештајната година од 7.336 стари предмети, 1.439 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.897 предмети во текот на извештајната година поминал периодот од 6 месеци од прием на предметите во судот. Вкупно биле завршени 5.282 предмети, а останале незавршени 2.054 нерешени стари предмети.

Со оглед на изнесената состојба, судот не успеал да го совлада приливот на нови предмети.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната година, судиската функција ја извршувале 40 судии, во кои е вклучен и Претседателот на судот, односно со 13 судии помалку од предвидените со актот за систематизација.

Согласно актот за систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, предвидени се вкупно 61 место за стручни судски службеници (виш судски советник, судски советник, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), од кои пополнети се 34 работни места, а непополнети се 27 работни места.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2015 година, евидентирани се 20 вработени лица.

## 5.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, со тоа што и во извештајната година како и подолг период station наназад, просторните капацитети не задоволуваат, со оглед што во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот, за вршење на работите од својата надлежност.

## 6.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Апелациониот суд Скопје во 2015 година вкупно имал во работа 23.546 предмети, од кои 6.268 предмети се пренесени од 2014 година, 17.166 новопримени предмети и 112 предмети повторно во работа. Обемот на работа во оваа извештајна година во однос на претходната година е зголемен за 1.343 предмети.

Во текот на годината од вкупниот број предмети во работа, решени се 16.130 предмети, од кои 16.029 новопримени предмети и 101 од предметите повторно земени во работа, односно 200 предмети повеќе во однос на претходната година. Се констатира дека останале нерешени 7.416 предмети, што претставува зголемување на заостатокот за 1.142 предмети во однос на претходната година, што се должи на непополнетиот број на судиски места, на стручните судски службеници и судските референти, како и зголемениот обем на работа.

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 40 судии, произлегува дека месечно секој судија во просек решавал по 38 предмети, од што може да се заклучи засилен ангажман на носителите на судиската функција.

Поаѓајќи од вкупниот бројот на решени предмети во извештајната година и бројот на нерешени предмети, доколку се постапува со истиот ангажман на судиите, произлегува дека заостатокот може да се реши за период од 4,8 месеци, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостаток, судот се смета **за ефикасен суд.**

Заради негово поефикасно и поажурно работење, за подобрување на состојбата со стари предмети, а особено за постапување по предметите во разумен рок, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година, со која е утврдено судиската функција да ја вршат 52 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот. Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година судот работи со малку над 50 проценти од стручните судски службеници предвидени со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајната 2015 година, Апелациониот суд Гостивар во работа имал 460 кривични и граѓански предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 5.906 нови кривични и граѓански предмети. Вкупно во работа судот имал 6.366 кривични и граѓански предмети. Во текот на извештајната година решени се 5.557 предмети, а нерешени останале 809 кривични и граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека судот не го совладал приливот на кривични и граѓански предмети во извештајната 2015 година и го зголемил заостатокот на нерешени предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

На почетокот на извештајната 2015 година Апелациониот суд Гостивар во работа имал 1 предмет од судска управа кој како нерешен бил префрлен од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 902 нови предмети од судска управа кои заедно со нерешениот 1 предмет ја даваат бројката од вкупно 903 предмети од судска управа кои судот ги имал во работа.

Во извештајната 2015 година решени се сите 903 предмети, така што се констатира дека е совладан приливот на нови предмети од судска управа и намален е заостатокот од 1 предмет.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Кривичниот оддел постапувал во совети по второстепени кривични предмети, второстепени прекршочни предмети, кривични предмети согласно Законот за малолетничка правда, кривични предмети по уписниците КСЖ и КР и по кривични предмети за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

На почетокот на извештајната 2015 година, Кривичниот оддел во работа имал 87 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 3.303 нови кривични предмети, кои заедно со 1 предмет повторно во работа и останатите нерешени 87 предмети од претходната година ја даваат бројката од 3.390 кривични предмети кои судот во текот на извештајната година вкупно ги имал во работа.

Судиите од кривичниот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 3.097 кривични предмети, а како нерешени во 2016 година останати се 293 кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека кривичниот оддел не го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година за 206 предмети и го зголемил заостатокот на нерешените 87 кривични предмети од претходниот извештаен период на 293 нерешени кривични предмети на крајот на извештајната 2015 година.

Во текот на извештајната година од Врховниот суд на Република Македонија вратени се 67 предмети од кои потврдени се 36 предмети или во однос на вкупно решените потврдени се 1,17 %, укинати се 12 предмети или 0,39% и преиначени се 3 предмети или 0,09 %.

**Граѓанскиот оддел** постапувал по второстепени граѓански предмети, второстепени предмети по трговски спорови и работни спорови.

На почетокот на извештајната година, одделот во работа имал 373 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 2.603 нови предмети, заедно со 6 предмети повторно во работа и нерешените 373 предмети од претходниот извештаен период ја даваат бројката од вкупно 2.976 граѓански предмети кои судот ги имал во работа.

Судиите од граѓанскиот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 2.460 граѓански предмети, а како нерешени во 2016 година останати се 516 граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел за 143 предмети не го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и го зголемил заостатокот на граѓански предмети од 373 предмети кои како нерешени останале до крајот на претходниот извештаен период на 516 предмети на крајот на извештајниот период.

Во текот на извештајната година од Врховниот суд на Република Македонија вратени се 165 предмети од кои потврдени се 83 пердмети или во однос на вкупно решените потврдени се 3,89 %, укинати се 19 предмети или 0,77% и преиначени се 7 предмети или 0,28 %.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Апелациониот суд Гостивар заостатокот на стари предмети на крајот на 2014 година изнесувал 1 предмет, додека заостатокот на стари предмети на крајот на извештајната година изнесува 12 предмети, така што забележиво е зголемување на заостатокот за 11 предмети во однос на претходната година.

**5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Согласно Актот за систематизација и Одлуката за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Гостивар од 04.07.2012 година, судската функција во Апелациониот суд Гостивар во текот на 2015 година утврдено е да ја вршат претседателот на судот и 15 судии, меѓутоа во текот на извештајната година, од месец октомври 2015 година судот функционирал во нецелосен состав, со тоа што судската функција ја извршувал во квантитативно променлив состав на судии.

Со решение на Судскиот совет на Република Македонија, тројца судии во период од 3 месеци работеле на предмети од Апелационен суд Скопје.

Поаѓајќи од обемот и начинот на работа на судот како и бројот на вршители на судската функција, во извештајот се укажува на потребата од зголемување на бројот на раководни судски службеници со оглед дека пополнето е само едно место од предвидените 11 места, како и на стручни судски службеници (виш судски советник, судски советник, советник, виш судски соработник, судски соработник, соработник и помлад судски соработник) со оглед дека во моментот се пополнети 17 места, а непополнети се 33 работни места.

Во текот на извештајната годна непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвикал значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што се укажува на потребата од неминовно пополнување на непополнетите и испразнетите работни места, особено во однос на референти (технички секретар на претседателот на судот, хаусмајстор, судски референти – дактилографи за кои од предвидените 11 работни места пополнети се 5 работни места.

Согласно Систематизацијата на судот предвидени се 117 работни места, а непополнети со 31.12.2015 година се 86 работни места (вклучувајќи ги раководните судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Со оглед на тоа што во судот работи само еден судски полицаец, по истекот на работното време обезбедувањето на судската зграда ја вршат судските полицајци од Основниот суд Гостивар.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Условите во зградата во која е сместен судот, со оглед на претходното интервенирање во градежни дејствија (поправка на кров, комплетирање и опремување со канцелариски инвентар и друга опрема, набавка на компјутери, скенер, сервер и печатач) се во голема мера подобрени, но не задоволува состојбата со работни простории така што се јавува потреба од преградување на постоечките поголеми судски канцеларии за да се добијат нови работни канцеларии.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парничната постапка.

Судот има потреба и од замена со нова на информатичката опрема која е амортизирана.

### 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Апелациониот суд Гостивар во текот на извештајната година според постигнатите резултати за 349 предмети не го совладал годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека примени се вкупно 5.906 нови предмети, а решени се вкупно 5.557 предмети.

Зголемен е вкупниот број на нерешени предмети од 460 предмети кои како нерешени останале од претходниот извештаен период н 809 предмети на крајот на извештајниот период.

Според податоците на годишниот извештај, судиите на Апелациониот суд Гостивар не само што ја совладувале ориентационата норма туку и значително ја надмашиле така што несовладувањето на приливот на предмети во извештајниот период е резултат на намалениот број на судии кои постапувале по предметите. Имено, тројца судии во период од 3 месеци работеле на предмети на Апелационен суд Скопје , на 30.10.2015 година на еден судија му е утврден престанок на вршење на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и на еден судија по негово барање му е утврден престанок на вршење на судиската функција на ден 09.12.2015 година.

Ако се има предвид вкупниот број на решени 5.557 предмети во текот на извештајната година и бројот на останатите нерешени 809 предмети, според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети ќе можат да се решат за период од 1,53 месеци, така што независно од несовладаниот прилив на предмети и зголемениот заостаток во однос на претходниот извештаен период, Апелациониот суд Гостивар мое да се смета дека во извештајниот период бил **апсолутно ефикасен суд.**

Во текот на 2015 година потребно е да се подобри квалитетот во решавањето на предметите, а да се задржи ефикасноста на работењето на судот.

Потребно е да се пополнат непополнетите работни места за кои е укажана неопходна потреба од нивно пополнување, а на местото на судиите кои престанале со вршење на судската функција да се изберат нови судии така што бројот на вршители на судската функција да биде согласно предвидената систематизација.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Апелациониот суд Битола од 2014 година останале нерешени **481** предмети. Во текот на 2015 година по сите видови биле примени **6969** предмети, (три погрешно заведени) вкупно во работа биле **7447** предмети, од кои се решени **6788** предмети, а останале нерешени **659** предмети.

**-Квалитет на ниво на суд**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховен суд на РМ во текот на 2015 година **потврдени** се вкупно **165** предмети или 78,57%,**укинати** се **23** предмети или 10,95%,**преиначени** се **22** предмет или 10,47%,отфрлени се **99** предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година биле примени **862** предмети од **судска управа** и сите се решени.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

#### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Од 2014 година останале нерешени **292** предмети. Во текот на 2015 година биле примени **4558** предмети(три погрешно заведени) , или вкупно во работа биле **4847** предмети, од кои решени се **4404** предмети, а останале нерешени **443** предмети. Во 2015 година не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за 151 предмет.

#### КВАЛИТЕТ ВО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Според податоците за вратени предмети од Врховниот суд на РМ потврдени се вкупно **135** предмети или 76,27%,укинати се **20** предмети или 11,29%,а преиначени се **22** предмети или 12,48%,а отфлени се **91** предмети.

#### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Од 2014 година останале нерешени **189** предмет. Во текот на 2015 година биле примени нови **2411** предмети, или вкупно во работа биле **2600** предмети, од кои се решени **2384**предмети, а останале нерешени **216** предмети.Во 2015 заостатокот е зголемен за 27 предмети.

#### КВАЛИТЕТ ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на РМ во текот на 2015 година потврдени се **30** предмети или 90,9%,укинати се **3** предмети или 9,09%,преиначени нема,а отфрлени се **8** предмети.

### 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2014 година на крајот од годината останале само **9** предмети постари од 6 месеци сметано од денот на приемот во судот.

### 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2015 на 3 судии им престана функцијата поради исполнување на услови за старосна пензија,а 1 судија е избран за член на Судски совет на РМ и функцијата му мирува.

На крајот од 2015 година во судот биле вработени вкупно 80 лица, од кои 21 судија со ВД Претседателот (од вкупно предвидените 25), 56 судски службеници и 3 други.Се наметнува потреба за вработување на уште 8 извршители.

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Иако во претходните години извршени се некои градежни интервенции сеуште стои потребата од реновирање на судските канцеларии, набавка на инвентар, бироа столици и друго.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во 2015 година не е решен е приливот и останале незавршени 659 предмети со што во однос на 2014 заостатокот е зголемен за 178 предмети.Ваквата состојба се должи на фактот што во 2015 година двајца судии се пензионирани ,како и тоа дека тројца судии со одлука на Судскиот совет на РМ биле распоредени на работа во Апелациониот суд во Скопје.

Во 2015 година на крајот од годината останале само 9 предмети постари од 6 месеци.

Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените предмети кои останале на крајот на 2015 година, бројот на судиите кои постапувале по предмети , месечно решените предмети во просек по судија,како и околноста дека месечно судот решава по 543,83 предмети укажува на околноста дека истиот може да се третира како **апсолутно ефикасен суд.**

**7. ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во 2016 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно новата систематизација.

Учество на ВЈО и ОЈО во трошоците за одржување на зградата на судот или нивна дислокација.

Дополнување со компјутерска опрема,набавка на инвентар и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки.

Интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Македонија и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2016 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП**

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во 2015 година во судот останале вкупно 91 нерешен предмет од претходната година. Новопримени се 4.007 предмети или вкупно во работа 4.098 предмети, решени 3.583 предмети, останале нерешени 515 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Во 2015 година во судот немало стари нерешени предмети од претходната година. Новопримени 1.360 предмети или вкупно во работа 1.360 предмети, решени 1.355, останале нерешени 5 предмети.

**3.РАБОТА ВО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА**

**Во кривичниот оддел** од претходната 2014 година, останале нерешени 49 предмети, новопримени предмети во 2015 година, 1.620, вкупно во работа 1.669, решени 1.393, и останале нерешени 276 предмети.

**Во граѓанскиот оддел** од претходната 2014 година, останале нерешени 42 предмети, новопримени предмети во 2015 година, 2.387, вкупно во работа 2.429, решени 2.190, и останале нерешени 239 предмети.

**КВАЛИТЕТ ПРИ РЕШАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**

Вкупно вратени предмети од ВПЛ. 34 предмети од кои потврдени ВППП предмети 23 или 67,65%, преиначени ВППП предмети 1 или 2,94%, укинати ВППП предмети 3 или 8,82% и отфрлени 7 или 20,59%.

Квалитет на одлуки во соодност со решените предмети: КЖ Решени предмети 571, од кои потврдени 23 или 4,03%, Преиначени 1 или0,18%, Укинати 3 или 0,53% и отврлени 7 или 1,23% предмети.

**КВАЛИТЕТ ПРИ РЕШАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ ЗА ГЖ. ТСЖ и РОЖ.**

Вкупно вратени предмети по Ревизија 118, од кои потврдени се 62 или 52,54%, преиначени 17 или 14,41%, укинати 15 или 12,71% и отфрлени ревизии 24 или 20,34%.

**Квалитет на одлуки во соодност со решените предмети за ГЖ. ТСЖ и РОЖ**

Вкупно решени предмети 2.161, потврдени 62 или 2,87%, преиначени 17 или 0,79%, укинати 15 или 0,69%, и отврлени 24 или 1,11%.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на 2015 година незавршените предмети според годината на прием биле следните: Предмети Ксж – незавршени останале 14 од кои од 2013 – 1 предмет, од 2014 – 1 предмет и 12 предмети од 2015 година. Од предметите Кж – незавршени останале 110 предмети од кои од 2011 - 4 предмети, од 2012 – 5 предмети, од 2013 -21 предмет од 2014 – 20 предмети и од 2015 година – 60 предмети. Од предметите Пркж- незавршени останале 147 предмети од кои 1 предмет од 2007 година, 3 предмети од 2013 година, 30 предмети од 2014 година и 113 предмети до 2015 година. Од предметите кривични за малолетници незавршени останале 3 предмети од кои: 1 од 2014 година и 2 од 2015 година. Од предметите Гж – незавршени останале 168 предмети од кои: 1 предмет од 2007 година, 1 предмет од 2008 година, 1 предмет од 2009 година, 3 предмети од 2010 година, 1 предмет од 2011 година, 2 предмети од 2012 година, 11 предмети од 2013 година, 45 предмети од 2014 и 103 предмети од 2015 година. Од предметите Рож- незавршени останале 8 предмети и сите се од 2015 година. Од предметите Тсж незавршени останале 63 предмети од кои: 5 предмети од 2013 година, 22 предмети од 2014 година и 36 предмети од 2015 година. Годината на старост на овие предмети е дадена според нивниот прием прв пат во основниот суд.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2015 година, Апелациониот суд во Штип до месец јуни имаше 62 вработени, од кои, 18 судии заедно со претседателот на судот и 44 судски службеници. Во текот на месец 2014 год. во пензија заминале 3 судии и 1 судски полицаец. Приоритетно вработување е 1 хигиеничар.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Просториите во кои се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Печатаењето на одлуките се врши преку мрежен печатар.

Судот располага со две судници, од кои едната е со систем за тонско снимање и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

Постои просторен проблем со сместувањето на судските советници, соработници и дактилографи, бидејќи тие се сместени по 6-7 лица во иста канцеларија.

Долгогодишен е проблемот со обезбедување на средства за греење кои се обезбедуваат од буџетот на судот.

Информатичката технологија е стара и амортизирана и истата не ги задоволува потребите на судот и затоа треба да се замени со нова.

**7.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Апелациониот суд во Штип во 2015 година е **апсолутно ефикасен суд**, ако се има во предвид дека заостатокот на нерешен 515 предмети, кој може да го реши за период од 1,5 месеци.

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека Апелациониот суд во Штип го нема совладано приливот и го зголемил заостатокот за 424 предмети. Зголемениот заостаток се должи на фактот што во последните 2 години, 2014 и 2015 год.,од судот во пензија заминаа 5 судии и нивните упразнети места не се пополнија. Исто така на зголемувањето на заостатокот влијаеше и фактот што 3 судии во период од 3,5 месеци работеа делегирани предмети од Апелациониот суд во Скопје. Се работи за завршување на 385 предмети. Сите судии изработија предмети и остварија резултати во обем повисок од утврдената норма од Судскиот совет на Република Македонија. Доколку Судскиот совет на Република Македонија изврши огласување и избор на упразнетите судски места реално е да се очекува во 2016 год. да дојде до совладување на овој заостаток. Квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво со оглед на фактот дека во кривичниот оддел укинати и преиначени се 11,80 % од предметите,а во граѓанскиот оддел укинати и преиначени се 27 % од предметите кои се вратени од одлучување од Врховен суд на Република Македонија по вонреден правен лек.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основен суд Скопје I Скопје вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува **43.808** предмети. Бројот на новопримени предмети **76.609**, предмети повторно во пабота **2.337**, од кои 9 се погрешно заведени. Вкупно во работа има **122.745** предмети. Вкупниот број на решени предмети изнесува **80.634** предмети, со што како нерешени предмети останале **42.111** предмети.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од 2014 година останале 173, новопримени предмети 2.820, вкупно во работа 2.995, решени 2.898, останале нерешени 97 предмети.

**3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Решени предмети 31.609, потврдени 1.621, или 5.12%, укинати 480 предмети или 1.51%, преиначени 327 предмети или 1.03 %.

**4.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ**

**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година и тоа по вид на предмети (по уписник): **К 2.360**, **К – ООА 6, КРИВИЧЕН СОВЕТ 514, КР 35, ЗАМ 50 ИЛИ ВКУПНО НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 2.965.** Новопримени предмети **К 3.218**, **К – ООА 150, КРИВИЧЕН СОВЕТ 2.736, КР 23.968, ЗАМ 429 ИЛИ ВКУПНО НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ 30.501.** Предмети повторно во работа **К 514**, **К – ООА 0, КРИВИЧЕН СОВЕТ 98, КР 0, ЗАМ 0 ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 612.** Погрешно заведени **К 3, К – ООА 0, КРИВИЧЕН СОВЕТ 0, КР 0, ЗАМ 0 ИЛИ ВКУПНО ПОГРЕШНО ЗАВЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ 3.** Вкупно предмети во работа **К 6.089**, **К – ООА 156, КРИВИЧЕН СОВЕТ 3.348, КР 24.021, ЗАМ 479 ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 34.093.** Решени предмети **К 4.127, К – ООА 140, КРИВИЧЕН СОВЕТ 2.846, КР 23.810, ЗАМ 349 ИЛИ ВКУПНО РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 31.272.** Останале нерешени **К 1.962**, **К – ООА 16,**

**КРИВИЧЕН СОВЕТ 502, КР 211, ЗАМ 130 ИЛИ ВКУПНО ОСТАНАЛЕ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 2.821.**

**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **КОК 94, КОК-ООА 1, КС-КОК 60, ИЛИ ВКУПНО 155 ПРЕДМЕТИ.** Ново примени предмети **КОК 101, КОК-ООА 49, КС-КОК 1.989, ИЛИ ВКУПНО НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ 2.139.** Предмети повторно во работа **КОК 0, КОК-ООА 0, КС-КОК 2, ИЛИ ВКУПНО ПОГРЕШНО ЗАВЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ 2.** Вкупно предмети во работа **КОК 225, КОК-ООА 51, КС-КОК 2.074, ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 2.350.** Решени предмети **КОК 133, КОК-ООА 46, КС-КОК 2.015, ИЛИ ВКУПНО РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 2.194.** Останале нерешени предмети **КОК 92, КОК-ООА 5, КС-КОК 59, ИЛИ ВКУПНО ОСТАНАЛЕ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 156.**

**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО МАЛОЛЕТНИ**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **КМ 115, КС-КМ 1, КРМ 63, ИЛИ ВКУПНО НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 179.** Новопримени предмети **КМ 186, КС-КМ 4, КРМ 250, ИЛИ ВКУПНО НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ 440.** Предмети повторно во работа **КМ 0, КС-КМ 0, КРМ 7, ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 7.** Погрешно заведени **КМ 0, КС-КМ 0, КРМ 0, ИЛИ ВКУПНО ПОГРЕШНО ЗАВЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ 0.** Вкупно предмети во работа **КМ 301, КС-КМ 5, КРМ 320, ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 626.** Решени предмети **КМ 224, КС-КМ 4, КРМ 287, ИЛИ ВКУПНО РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 515.** Останале нерешени предмети **КМ 77, КС-КМ 1, КРМ 33, ИЛИ ВКУПНО ОСТАНАЛЕ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 111.**

**ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година, 28.409, Новопримени предмети 19.557, Предмети повторно во работа 1.660, Погрешно заведени предмети 4, Вкупно предмети во работа 49.622, Решени предмети 22.260, Останале нерешени предмети 27.362.

**ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГА И ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **КИ 79, К-ПП 6, ОИД 23, КИОК 2, КОК-ПП 28, ОИД-ОК 1, ИЛИ ВКУПНО НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 139.** Новопримени предмети **КИ 3, К-ПП 940, ОИД 0, КИОК 0, КОК-ПП 590, ОИД-ОК 0, ИЛИ ВКУПНО НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ 1.533.** Предмети повторно во работа **НЕМА**. Погрешно заведени **НЕМА.**

Вкупно предмети во работа **КИ 82, К-ПП 946, ОИД 23, КИОК 2, КОК-ПП 618, ОИД-ОК 1, ИЛИ ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА 1.672.** Решени предмети **КИ 46, К-ПП 923, ОИД 19, КИОК 1, КОК-ПП 573, ОИД-ОК 1, ИЛИ ВКУПНО РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 1.563.** Останале нерешени предмети **КИ 36, К-ПП 23, ОИД 4, КИОК 1, КОК-ПП 45, ОИД-ОК 0, ИЛИ ВКУПНО ОСТАНАЛЕ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ 109.**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ САНКЦИИ**

Нерешени предмети на крајот на 2014 година, 11.961, Новопримени предмети 22.421, Предмети повторно во работа НЕМА, Погрешно заведени предмети НЕМА, Вкупно предмети во работа 34.382, Вкупно решени предмети 22.830, Останале нерешени предмети 11.552.

**КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ**
**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ**

Решени предмети во извештајната година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **К** - Решени предмети 4.127, од кои: Потврдени 537 или 13,01%, Укинати 145 или 3,51%, Преиначени 115 или 2,78%. **КРИВИЧЕН СОВЕТ** – Решени предмети 2.846, од кои: Потврдени 96 или 3,37%, Укинати 7 или 0,24%, Преиначени 8 или 0,28%. Или по двата уписника вкупно решени предмети 6.973, од кои: Потврдени 633 или 9,07%, Укинати 152 или 2,17%, Преиначени 123 или 1,76%.

**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

Решени предмети во извештајната година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **КОК** – Решени предмети 133, од кои: Потврдени 67 или 50%, Укинати 16 или 9,77%, Преиначени 4 или 3%. **КС-КОК** Решени предмети 2.015, од кои: Потврдени 127 или 6,30%, Укинати 3 или 0,14%, Преиначени 11 или 0,54%. Или по двата уписника вкупно решени предмети 2.148, од кои: Потврдени 194 или 9,03%, Укинати 19 или 0,88%, Преиначени 15 или 0,69%.

**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНО МАЛОЛЕТНИ**

Решени предмети во извештајната година, по вид на предмети (по уписник) и тоа: **КМ** – Решени предмети 224, од кои: Потврдени 10 или 4,46%, Укинати 0 или 0%, Преиначени 1 или 0,44%. **КС-КМ** Решени предмети 4, од кои: Потврдени 0 или 0%, Укинати 0 или 0%, Преиначени 0 или 0%. Или по двата уписника вкупно решени предмети 228, од кои: Потврдени 10 или 4,38%, Укинати 0 или 0%, Преиначени 1 или 0,43%.

**ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ**

Вкупно решени предмети во извештајната година 22.260, од кои: Потврдени 784 или 3,52%, Укинати 309 или 1,38%, Преиначени 188 или 0,84%.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

По вид на предмети, и тоа: **К** – Број на предмети во работа 1.182, Решени 683, Останале нерешени 499. **КОК** - Број на предмети во работа 70, Решени 28, Останале нерешени 42. **КИ** - Број на предмети во работа 63, Решени 35, Останале нерешени 28. **ОИД** - Број на предмети во работа 13, Решени 10, Останале нерешени 3. **ПРК** - Број на предмети во работа 11.435, Решени 4.172, Останале нерешени 7.263. **ОИД-ОК** - Број на предмети во работа , Решени 1, Останале нерешени 0. **КИ-ОК** - Број на предмети во работа 2, Решени 1, Останале нерешени 1, или вкупно по сите вида на предмети во работа биле 12.766, Решени 4.930, и останале нерешени 7.836 предмети.

**5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРИ**

Судот има недоволен број на судски службеници во изминатата 2015 година, како и недостатокот на судски референти – дактилографи и виши судски референти – административни работници во судската писарница, при што се јавуваат потешкотии во работењето на судот, а кое нешто не само што влијае на ефикасноста на работењето на судот туку бара и дополнителна ангажираност на постојните судии.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

По однос на просторните услови во кои работи судот, Основниот суд Скопје I Скопје како кривичен суд и понатаму нема соодветни услови за работа, а тоа најмногу се однесува на недоволен број на судници, посебно на судници за организиран криминал, па често пати ваквите судења се одржуваат во салите на Апелациониот суд Скопје, а повремено ни се одобрува и големата сала на Врховниот суд на РМ.

## 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

По однос на ефикасноста на Основниот суд Скопје I Скопје може да се констатира дека овој суд е **ефикасен суд** .

Имено, од вкупниот број 122.745 предмети во работа за 10,5 месеци, произлегува дека 11.690 предмети се земени месечно во работа.

Од вкупно 80.634 предмети кои се решени за 10,5 месеци произлегува дека за еден месец се решавале по 7.679 предмети.

Ако од вкупниот број 122.745 предмети земени во работа се одземат 80.634 решени предмети, произлегува дека останале нерешени предмети 42.111 предмети.

По однос на просторните услови во кои работи судот и понатаму нема соодветни услови за работа, секако манифестирано со отсуство на недоволен број на судници, како и други пропратни услови, што секако има одраз на ажурното и ефикасното постапување на судот.

Според дадените податоци од страна на Основниот суд Скопје I Скопје, произлегува дека квалитетот на решавањето на предметите е многу добар во Кривичен Оддел-Полнолетни и во Одделот за организиран криминал, а истиот резултира по извршената оценка на показателите по однос на бројот на обжалените одлуки, бројот на потврдените одлуки, укинатите и преиначените одлуки. Додека пак квалитетот на решавањето на предметите во кривичниот совет е со висок процент на потврдени одлуки.

Основниот суд Скопје I Скопје има активна и интензивна соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, државни органи и институции, како и меѓународни организации.

**Предлог мерки:**

Врз база на сето погоре изложено, се очекува дека со доекипираност на судот со судии, администрација, со изградба на новата судска зграда со која Основниот суд Скопје I Скопје би добил современи судници, судски кабинети и доволен број на простории за судската администрација и современа информатичка технологија, во иднина судот уште повеќе ќе биде поефикасен, и ќе го подобри уште повеќе и квалитетот и ќе се постапува во разумен рок, при решавањето на предметите.

Во иднина судот за да биде поефикасен и поквалитетен, активноста ќе треба да ја фокусира во уште подобро организирање на сите ресурси, целосно ангажирање како од судиите така и од целокупната судска администрација и службеници што ќе доведе до зајакнување на довербата во судот и судскиот систем, посебно ако се има во предвид дека станува збор за единствен кривичен суд кој постапува по кривични дела од организиран криминал и корупција како и други сложени кривични дела кои се постојано под опсервација на стручната и пошироката јавност.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Вкупен број на незавршени предмети од претходната година се 15.703.

Новопримени предмети во 2015 година се 41.690, 1.358 предмети повторно во работа при што 100 предмети се погрешно заведени, така да судот во работа имал 58.651 предмети. Решени се 45.054 предмети, а останале нерешени 13.597 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Предмети од судска управа останале нерешени 38, новопримени 4.644, погрешно заведен 1, вкупно предмети во работа 4.681, решени предмети во 2015 година 4.671 предмет, на крајот на годината останале нерешени 10 предмети. Доверливи предмети од Судска управа новопримени се 12, сите се решени, строго доверливи предмети новопримени 4, вкупно предмети во работа 4, кои се решени.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА.**

**Стечај:**

Нерешени предмети на крајот на 2015 година 597, новопримени 394, предмети повторно во работа 6, вкупно предмети во работа 997, решени предмети 751, останале нерешени 246.

**Заверки:**

Нерешени од претходната година 113, новопримени 9.203 предмети повторно во работа 4, погрешно заведени 1, вкупно предмети во работа 9.319, решени предмети 9.260, останале нерешени 59 предмети.

**Замолници:**

Нерешени предмети 140, новоприемни 325, вкупно во работа 465, решени 372, останале нерешени 93. Други нерешени предмети од претходната година 14, погрешно заведени 3, вкупно предмети во работа 11, сите се решени.

**Трговски спорови:**

Нерешени предмети од претходната година 929, новопримени предмети 626, предмети повторно во работа 170, вкупно во работа 1725, решени предмети 863, останале нерешени на крајот на 2015 година 862.

**Парнични – Мала вредност:**

Нерешени предмети од претходната година 1.885, новопримени 2.258, предмети повторно во работа 141, погрешно заведени 13, вкупно предмети во работа 4.271, решени предмети 2.366, останале нерешени 1.905.

**Повторување на постапката во парнично:**

Нерешени предмети од останале 53, вкупно предмети во работа 53, решени предмети 46, останале нерешени 7.

**Работни спорови**:

Нерешени предмети од претходната година 517, новопримени 1.419, предмети повторно во работа 139, погрешно заведени 13, вкупно во работа 2.062, решени 1.546, останале нерешени 516.

**Платни налози –предлог**:

Нерешени предмети од претходната година 9, новопримени 1, погрешно заведен 1, вкупно предмети во работа 1, решени предмети 6, останале нерешени 3.

**Платни налози по приговор**:

Нерешени предмети од претходната година се пренесени 5.362, новопримени предмети 6.243, предмети повторно во работа 398, погрешно заведени 10, предмети повторно во работа 398, погрешно заведени 10, вкупно предмети во работа 11.993, решени предмети 7.351, останале нерешени 4.642.

**Приговори против неправилности при извршување:**

Нерешени предмети 74, новопримени 1.178, вкупно предмети во работа 1.252, решени предмети 1225, останале нерешени 27.

**Вонпарнични предмети (ВПП):**

Нерешени предмети 1.067, новопримени 844, предмети повторно во работа 25, погрешно заведени 16, вкупно предмети во работа 1.920, решение предмети 1.310, нерешени предмети 610.

**Оставина:**

Нерешени предмети од претходната година 42, новопримени 3, предмети повторно во работа 4, вкупно предмети во работа 49, решени предмети 31, останале нерешени 18.

**Имотни спорови:**

Нерешени предмети од претходната година 1.480, новопримени предмети 870, предмети повторно во работа 157, погрешно заведени 15, вкупно предмети во работа 2.492, решени предмети 1.303, останале нерешени 1.189.

**Семејни спорови:**

Нерешени предмети 710, новопримени предмети 1.298, предмети повторно во работа 11, вкупно предмети во работа 2.019, решени предмети 1.393, останале нерешени 626 предмети.

**Стечаен совет:**

Нерешени предмети 24, вкупно во работа 24, решени предмети 17, останале нерешени 7 предмети.

**Ликвидација:**

Нерешени предмети 7, новопримени 3, вкупно предмети во работа 10, решение предмети 4, останале нерешени 6.

**Против извршување:**

Нерешени предмети 10, новопримени 27, предмети повторно во работа 5, вкупно предмети во работа 42, решени предмети 24, останале нерешени 18.

**Оставина по приговор:**

Нерешени предмети 30, новопримени 678, предмети повторно во работа 5, вкупно предмети во работа 113, решени предмети 93, останале нерешени 20.

**Разни вонпарнични предмети:**

Нерешени предмети од претходна 108, новопримени предмети 8.895, предмети повторно во работа 1, погрешно заведен 1, вкупно во работа 9.003, решени предмети 8.765, останале нерешени 238.

**Физичка делба:**

Нерешени предмети од претходната година 190, новопримени 242, предмети повторно во работа 5, вкупно предмети во работа 437, решени предмети 155, останале нерешени 282 предмети.

**Регистрација на политички партии и др:**

Нерешени 2, новопримени 45, предмети повторно во работа 1, вкупно предмети во работа 48, сите предмети се решени.

**Евиденција на претставки и поплаки**:

Нерешени предмети 5, новопримени 236, погрешно заведен 1, вкупно предмети во работа 240, решени 235, останале нерешени 5 предмети.

**Облигациони спорови:**

Нерешени предмети од претходната година 1.978, новопримени 1.824, предмети повторно во работа 282, погрешно заведени 16, вкупно предмети во работа 4.068, решени предмети 1.982, останале нерешени 2.086.

**Платен налог – жалби:**

Нерешени 25, новопримени предмети 232, предмети повторно во работа 1, погрешно заведен 1, вкупно предмети во работа 257, решени предмети 220, останале нерешени 37 предмети.

**Издавање дозволи:**

Нерешени предмети од претходната година 47, новопримени 684, погрешно заведени 2, вкупно предмети во работа 729, решени предмети 723, останале нерешени 6.

**Разни парнични предмети:**

Нерешени предмети од претходната година 247, новопримени предмети 102, предмети повторно во работа 3, погрешно заведени 6, вкупно предмети во работа 346, решени предмети 267, останале нерешени 79.

**Квалитет во работа:**

Од вкупниот број на решени предмети 45.054, потврдени се 5.275 или во проценти 11,71 %, укинати се 931 во проценти 2,07%, преиначени 393 или во проценти 0,87 %.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во 2015 година судот во работа имал 4.551 предмет со статус на стари предмети. 2.092 се пренесени како нерешени стари предмети од претходната година , а 2.459 се примени во 2015 година. Од вкупниот број на предмети во работа се завршени 2.672 предмети, а останале нерешени 1.879 предмети. Судот го намалил бројот на нерешени стари предмети за 213 во споредба со нерешени стари предмети на крајот на 2014 година.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Од вкупно предвидените 479 работни места, судот располага со вкупно 314 вработени од кои 25 се вработени на определено време. Судот располага со 25 судници, 103 канцеларии и 3 дактилобироа.

**6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во извештајната година судот персонално целосно не бил екипиран. Исто така судот се судирал и со материјално финансиски проблеми, така да одобрениот буџет за 2015 година не бил во можност да ги подмири целокупните обврски, кој во најголем дел се на ставка комунални услуги. Судот има поголеми потреби од материјали, одржувања и услуги, кои се многу поголеми од одобрените средства. Исто така постои проблем и во реализација на потребните инвестиции на судот а тоа е обезбедување на средства за инвестициони активности, кои не влегуваат во редовниот буџет и кои не се опфаќаат со ставката одржување на судска зграда. Од пуштањето на судската зграда во употреба 1999 година не се превземени поголеми инвестициони активности. Поголемиот број на вработени од периодот кога е пуштена зградата во употреба го наметнува и проблемот со просторното сместување на вработените. Инвестиционите активности се од најитен карактер што претставува проблем при обезбедување на потребни средства за нивна реализација во 2016 година. Судот работел ангажирано и ефикасно при што е совладан приливот во текот на 2015 година. Судот има заостаток од 13.597 предмети кој заостаток може да биде решен за 3,16 месеци, така да овој суд спаѓа во категоријата на **ефикасен суд**.

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од претходната 2014 година, во Основен суд Велес останале незавршени вкупно 2.491 предмети.

Во текот на 2015 година, во Основен суд Велес се оформени и примени 16.222 предмети.

Во текот на 2015 година, во работа биле вкупно 18.693 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупно се решени 16.204 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупниот број на нерешени предмети е 2.489.

Во текот на 2015 година, Основниот суд Велес, не ја совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 8 предмети.

## 2.СУДСКА УПРАВА

Нерешени предмети од претходната година се 8 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2015 година е 1.894.

Вкупниот број на предмети во работа во 2015 година, е 1902.

Вкупниот број на решени предмети во 2015 година, е 1898.

Нерешени во крајот на 2015 останале 4 предмети.

## 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

### Кривичен Оддел

Во текот на претходната 2014 година, во кривичниот оддел останале незавршени 1.454 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 11.809 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 13.251 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во кривичниот оддел е 11.520.

Нерешени предмети до крајот на 2015 година, останале 1.731 предмети.

**- во овој одддел не е совладен приливот и е зголемен заостатокот за 277 предмети.**

### Квалитет на Кривичниот Оддел

Од решените 4.604 предмети, потврдени се 371, односно 8.06%, укинати 111 односно 2.41%, преиначени 47 односно 1.02%.

### Граѓански Оддел

Во текот на претходната 2014 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 1.037 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2015 година е 4.405 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 5.442 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во граѓанскиот оддел е 4.684 предмети.

Нерешени предмети во крајот на 2015 година останале 758 предмети.

- во граѓанскиот оддел е совладан приливот и е намален заостатокот за -279 предмети.

### Квалитетот на граѓанскиот оддел

Од решените 2.252 предмети во текот на извештајната година, потврдени се 676, односно 30.02%, укинати 93 односно 4.13%, преиначени 30 односно 1.33%.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Велес, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети имало 405, решени 264 останале не решение 141 предмети.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основниот суд Велес во текот на извештајната година имало 17 судии заедно со Претседателот на судот, едно упразнето судиско место и еден е делегиран во Основен суд Скопје I Скопје имало престанок на работниот однос на судски службеници по разни основи.Опременост на судот: немаат никакви забелешки по однос на функционалноста, опременоста на судот.

### 6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

Основниот суд Велес според критериумите за пресметување на ефикасноста е **апсолутен ефикасен суд**, ако се има предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2015 година, судот може да ги реши за 1.6 месеци.

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година во Основниот суд Гевгелија, вкупно во работа имало 14.036 предмети по сите основи, од кои: 750 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, 13.286 предмети се новопримени. Во однос на претходната година кога судот во работа имал вкупно 11.280 предмети, во извештајната 2015 година обемот на предмети во работа е зголемен за 2.756 предмети, а приливот на предмети е зголемен за 2.635 предмети. Во текот на извештајната година решени се вкупно 13.448 предмети или 95,81%, останале нерешени 588 предмети или 4,19%.

Во однос на претходната година во извештајната 2015 година решение се повеќе 2.918 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во текот на извештајната 2015 година, биле вкупно примени 1.308 административни предмети и сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапувале Претседателот на судот и тоа по 795 предмети, како и тројца судии по другите административни предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

**- Кривичен оддел**

Во текот на 2015 година во кривичниот оддел вкупно во работа имало 10.509 предмети, од кои: 272 предмети се пренесени од претходната година, а ново примени се 10.237 предмети. Споредбено со 2014 година обемот на работа е зголемен за 2.537 предмети, а бројот на новопримени предмети е зголемен за 2.581 предмет.

Од вкупниот број предмети во работа од кривичниот оддел, решение се 10.155 предмети или 96,63%, останале нерешени 354 предмети или 3,37%.

Исто така во текот на извештајната 2015 година во работа имало вкупно 916 кривични предмети, од кои: 34 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 882 предмети. Од вкупниот број предмети во работа 916 предмети, решени се 884 предмети или 96,51%, останале нерешени 32 или 3,49%.

**- Кривични полнолетни предмети**

Во 2015 година во работа имало 264 кривични предмети против полнолетни лица, од кои: 31 предмет се пренесени како нерешени од претходната година, а новопримени се 233 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа – 264 предмети, решени се 235 предмети или 89,02%, а останале нерешение 29 предмети или 10,98%.

**- Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел во извештајната 2015 година вкупно во работа имало 2.219 предмети, од кои: 478 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 1.741 предмет. Од вкупниот број предмети во работа решени се 1.985 предмети или 89,45%, останале нерешени 234 предмети или 10%.

**- Граѓански парници**

Во текот на 2015 година во работа имало вкупно 493 граѓански парници, од кои: 10 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а новопримени се 383 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, решени се 404 предмети или 82%, а останале нерешени 89 предмети или 18%.

**Квалитет на пресудување**

Во извештајната 2015 година решени се вкупно 13.448 предмети по сите основи, од кои: решени се 4.728 предмети со право на жалба, од кои: обжалени 355 предмети или 7,5%. Од вкупниот број на обжалени предмети потврдени се 256 предмети или 72,11%, укинати се 60 предмети или 16,9%, преправени се 32 предмети или 9,01%, 4 отфрлени предмети или 1,12% и делумно потврдени – укинати се 3 предмети или 0,84%.

Во кривичниот оддел од вкупно решени 235 кривични предмети, обжалени 46 предмети или 19,57% од кои: потврдени се 33 предмети или 71,74%, укинати се 11 предмети или 23,91% и преправени се 2 предмети или 4,35%.

Од вкупно решените 3.584 прекршочни предмети, обжалени се 131 предмет или 3,65%, од кои: потврдени се 83 предмети или 63,35%, укинати 24 предмети или 18,32%, преправени се 20 предмети или 15,25%, отфрлени се 4 предмети или 3,05%.

Во граѓанскиот оддел во извештајната 2015 година од вкупно решени 909 граѓански предмети со право на жалба, обжалени се 178 предмети или 19,58%. Од вкупниот број на обжалени предмети, потврдени се 140 предмети или 78,65%, укинати се 25 предмети или 14,04%, преправени се 10 предмети или 5,61%, 3 предмети делумно потврдени – укинати или 1,68%.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната 2015 година вкупно во работа имало 63 стари предмети, од кои 30 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се 33 предмети, решени се 44 предмети или 69,83%, а останале нерешени 19 предмети или 30,16%.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во извештајната 2015 година судиската функција во Основниот суд Гевгелија (сметајќи го и Претседателот на судот), ја обавуваа вкупно 13 судии.

По однос на судско - административниот персонал, на почетокот на извештајната 2015 година биле вработени 54 лица, од кои 46 имаат статус на судски службеник, 5 припадници на судска полиција и 3 работника - лица кои немаат статус на судски службеник.

Обезбедувањето на судската зграда го извршуваат 5 припадници на судската полиција.

## 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основниот суд Гевгелија генерално гледано постојат добри услови за работа, како за судиите така и за останатите вработени во судот. Потребно е набавка на нови компјутери, со оглед да истите се со постар датум на производство и се бавни во работењето. Потребно е реконструкција – санација на надворешниот дел од судската зграда, која опфаќа реконструкција на кровна конструкција и фасада, реконструкција – санација на внатрешниот дел од судската зграда.

## 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Гевгелија е **ажурен суд**, бидејќи го совладал приливот, а остатокот од предметите би го решил за помалку од 1 месец. Со исклучок на

еден судија, судиите не ја оствариле ориентационата норма што е резултат на немање доволен фонд на предмети. Квалитетот на пресудувањето е добар. Судот треба и натаму да продолжи со аржуно водење на постапките, со засилен агажман на судиите за решавање на поголем број на предмети, како и подобрување на квалитетот на пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На крајот од 2014 година останале нерешени вкупно 1755 предмети,во текот на 2015 година биле примени вкупно 10509 предмети,како и 99 земени повторно во работа,еден погрешно заведен,или вкупно во работа имале 12362 предмети, решени биле 10987 предмети, а останале незавршени 1375 предмети. Ваквата околност укажува дека приливот е совладан и заостатокот намален за 380 предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година од судска управа биле примени 253 предмети и сите се завршени.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

### КВАЛИТЕТ НА НИВО НА СУД

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2015 потврдени се 446 предмети или 12,59%,укинати се 90 предмети или 2,54% и преиначени 22 предмети или 0,62%.

### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

На крајот од 2014 година останале незавршени 1008 предмети,во текот на 2015 биле примени 2627 предмети ,како и 49 земени повторно во работа,еден погрешно заведен,или вкупно во работа биле 3683 предмети,од кои 3040 се решени,а останале 643 нерешени предмети.Ваквата околнист укажува дека приливот е совладан и заостатокот намален за 365 предмети.

-Квалитет во граѓански оддел

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2015 година потврдени се 336 предмети или 21,04%,укинати се 44 предмети или2,75% и преиначени се 20 предмети или 1,25%.

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

На крајот од 2014 година останале незавршени 747 предмети, во текот на 2015 година биле примени 7629 предмети ,како и 50 предмети земени повторно во работа при што вкупно во работа биле 8426 предмети, од кои 7694 биле завршени,а останале незавршени 732 предмети.Ваквата околност укажува дека приливот е совладан и заостатокот намален за 15 предмети.

-Квалитет во кривичен оддел

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2015 година потврдени се 110 предмети или 5,66%,укинати се 46 предмети или 2,36%,а преиначени се 2 предмети или 0,10 %.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот од 2015 година судот во работа имал 253 стари предмети од кои 228 се оставински предмети доверени во работа на нотарите.Во текот на 2015 година решени се вкупно 150 стари предмети.

На крајот од 2015 година во судот останале незавршени 229 стари предмети од кои 195 се оставински предмети дадени во работа на нотарите.

### 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Извештајната 2015 година судот ја започнал со 12 судии со тоа што еден судија уште од почетокот на годината бил делегиран судската функција да ја врши во Основниот суд во Неготино,а во текот на годината двајца судии биле разрешени поради исполнување на услови за пензија.

Во 2015 година во судот работеле 50 вработени во судската служба за да годината ја завршат со 47 вработени.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Просторните капацитети во кои функционира судот се на задоволително ниво со тоа што други државни органи немаат свои седишта во зградата.Стои потребата од обновување на фасадата на судот и обелување на внатрешните зидови во зградата и промена на внатрешпните врати и санирање на проблемот со влагата која е присутна во подрумските простории.Стои и проблемот со функционирање на системот за греење кој е веке дотраен и стои потребата од негова замена со оглед на неговата досегашна функција од 35 години.

Судот е недоволно опремен со информатичка технологија.Недостасуват компјутери,а постојаните се со застарени конфигурации,а не подобра е состојбата и со печатарите.

### 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

Во Основниот суд во Кавадарци во 2015 година совладан е приливот и намален заостатокот за 380 предмети.

Во 2015 година останале 229 стари предмети од кои 195 предмети се оставински дадени во работа на нотарите.

Основниот суд во Кавадарци според бројот на предмети кои останале незавршени на крајот од 2015 година – 1375,бројот на судии со кој работи судот во 2016 година – девет ,како и фактот што во 2015 година тие судии во просек за еден месец завршувале по 919,8 предмети, заостатокот од 1375 предмети би го совладале за 1,5 месеци ,кое нешто укажува дека Основниот суд Кавадарци е **АПСОЛУТНО ЕФИКАСЕН СУД.**

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Кратово од претходната 2014 година останале незавршени вкупно 163 предмети, а новопримени во текот на 2015 година биле 1769 предмети, 27 предмети кои повторно биле во работа, така да вкупен број на предмети во работа во 2015 година биле 1959. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 1799, а останале незавршени 160 предмети, што значи дека приливот е совладан за 3 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во судската управа од претходната година останал (1) еден нерешен предмет од претходната извештајна година, а новопримени биле 317 предмети, од кои решени се 318, што значи дека нема нерешени предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

Во **граѓанскиот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 69 предмети, а новопримени биле 401 предмет и 13 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2015 година во овој оддел во работа биле вкупно 483 предмети. Од овие предмети решени биле 422 предмети, а останале нерешени 61 предмет, што значи дека во граѓанскиот оддел на Основниот суд Кратово, приливот не бил совладан за 8 предмети.

Во **кривичниот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 93 предмети, новопримени биле 1051 предмет и 14 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2015 година во овој оддел во работа биле вкупно 1158 предмети. Од овие предмети решени биле 1059 предмети, а останале нерешени 99 предмет, што значи дека во кривичниот оддел на Основниот суд Кратово, приливот не бил совладан за 6 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Кратово во текот на 2015 година од вкупно решените предмети, 60 одлуки биле потврдени, односно 3,33%, укинати биле 22 одлуки или 1,22%, преиначени 3 одлуки, односно 0,16% и по еден предмет или 0,05% правниот лек бил отфрлен.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната 2015 година, Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 7 стари предмети, од кои 2 предмети кривични (полнолетни), 5 граѓански (од кои 2 имотни спорови и 3 оставински предмети, кои биле доверени на постапување кај нотар.

Од вкупниот број 7 стари предмети, решени биле 5 предмети, а останал 1 кривичен предмет и 1 оставински којшто е доверен на постапување кај нотар.

### 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во извештајната 2015 година, работите и задачите од надлежност на Основниот суд во Кратово биле извршувани од 3 судии (вклучувајќи го и претседателот на судот), од кои еден судија од Основен суд Куманово со решение на Судскиот совет на РМ бил делегиран да ја извршува функцијата во Основниот суд Кратово, а еден судија од овој суд бил делегиран да ја извршува функцијата во Основен суд Скопје II Скопје.

Од судски службеници работата ја извршувале 1 советник-информатичар, 1 судски соработник, 1 самостоен судски референт (сметководител), 3 самостојни судски референти (уписничари), 1 виш судски референт (благајник), 4 судски референти (записничари – дактилографи), 6 помлади судски референти (доставувачи-курири), 4 припадници на судската полиција и 1 вработен технички работник – хигиеничар.

Со завршувањето на 2015 година во судот останало едно испразнето работно место, еден судски соработник поради заминување на работа во друг суд

Како највисок приоритет за Основниот суд Кратово се јавува потребата за вработување на еден судски соработник.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на судот, во која секој судија има своја канцеларија со компјутер, кои поради застареност покажуваат проблеми во функционирањето. Во судот има три судски сали во кои има компјутерска опрема што не ја задоволува потребата за судење бидејќи функционирањето се одвива споро, поради постојаното надградување на АКМИС системот. Една од салите за судење е опремена со систем за тонско снимање, којшто добро функционира, но компјутерот е застарен, па тонското снимање се одвива со потешкотии – поспоро, а констатирано е и тоа дека УПС апаратот за

електрична енергија не функционира. Тоа го отежнува тонското снимање кое се прекинува поради прекините на доводот на електрична енергија кои се чести. Исто така видео дисплејот за информирање на странките не работи, така што потребно е негово сервисирање или замена со нов. Сериозен проблем во овој суд е тоа што судот има систем на загревање - парно кое функционира на електрична енергија, што е неекономично и застарено. Во оваа насока за да се заштеди електрична енергија, потребно е старите и дотраени прозори на судот да се заменат, со што би се намалила потрошувачката на електричната енергија или да се замени системот на затоплување на судот со друг поекономичен извор на енергија. Надворешната фасада на судот е дотраена и се одронува на повеќе места, што може да предизвика несакани последици за минувачите, како и за вработените и странките во судот. Внатрешните простории на приземјето и првиот кат се покриени со видео надзор. Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во голем дел е опремена со метални ормари, но истите не се доволни за целата архива на судот. Во подрумските простории при врнежи постојано се појавува вода, бидејќи нема изведена добра дренажа, а поради застареност на електричната инсталација, можно е да бидат предизвикани несакани последици.

### 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Со оглед на вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година, односно 1799 предмети, произлегува дека месечно во овој суд биле решавани по 171 предмет, што значи дека остатокот од 160 нерешени предмети може да биде совладан за помалку од еден месец. Од овие податоци произлегува дека Основниот суд Кратово е **апсолутно ефикасен суд.**

Меѓутоа, овој суд и натаму се соочува со проблеми поврзани со опременоста и одржувањето на зградата на судот. Особено е загрижувачка состојбата со дотраената електрична инсталација (стара над 40 години), поради потенцијална опасност од пожар и прекин на работата поврзана со користење на компјутери и загревањето на судот. Како потребни интервенции, посочени се и обнова на надворешната фасада на судот, обезбедување на метален шкаф за чување на CD од тонските записи, обезбедување на ограда и пристапна патека за лицата со посебни потреби

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2014 година, во Основен суд Крива Паланка останале незавршени 678 предмети.

Во текот на 2015 година, во Основен суд Крива Паланка се оформени и примени во работа 4991 нови предмети.

Во текот на 2015 година, во работа биле вкупно 5669 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупно се решени 4993 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупниот број на нерешени предмети е 676.

Во текот на 2015 година, Основниот суд Крива Паланка, ја совладал приливот, а заостатокот е намален за 2 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2015 година, е 388.

Вкупниот број на предмети во работа во 2015 година, е 388.

Вкупниот број на решени предмети во 2015 година е 388.

**Нема нерешени предмети.**

## 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**- Кривичен Оддел**

Во текот на претходната 2014 година, во кривичниот оддел останале незавршени 179 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 3360 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 3539 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во кривичниот оддел е 3401.

Нерешени предмети до крајот на 2015 година, останале 138 предмети.

Кривичниот оддел го совладал приливот и го намалил заостатокот за 40 предмети.

**-Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 105, односно 11.11%, укинати 46 односно 4.8% преиначени 18 односно 1.9%

**-Граѓански Оддел**

Во текот на претходната 2014 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 449предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2015 година е 1243 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 1742 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во граѓанскиот оддел е 1204 предмети.

Нерешени предмети во крајот на 2015 година останале 538 предмети.

- во граѓанскиот оддел не е совладан приливот и е зголемен заостатокот за -40 предмети.

**-Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 99, односно 13.63%, укинати 12 односно 1.8% преиначени 3 односно 0.4%

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2015 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 184 стари предмети, од кои: 178 се оставински предмети( нотари) еден парничен 3 извршни кривични и 2 кривични.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во врска со човечките ресурси, опременост на судот, просторни капацитети .

- Човечки ресурси: 5 судии, 34 судски службеници, има потреба за нови вработувања за упрзнатите работни места.

-Опременост на судот: Зградата на судот е функционална.

## 6. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Крива Паланка според критериумите за пресметување на ефикасноста е **апсолутно ефикасен суд**, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2015 година, судот може да ги реши за помалку од два месеци односна за 1.4 месеци.

**Предлог мерки:**

Потребно да се пополнат приоритетните испразнети работни места.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Куманово 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **8.128** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **29.472** предмети, погрешно заведени **33** предмети, предмети повторно во работа **563** или во работа биле вкупно **38.130** предмети, од кои биле решени **32.410**, а нерешени останале **5.720** предмети. Приливот е совладан и решени се **2.938** предмети повеќе.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Судската управа 2015 година ја започнала без остаток од претходната 2014 година. Во тековната 2015 година примени се **3.534** предмети и сите се решени.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА

#### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **4.437** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **16.063** предмети, погрешно заведени **25** предмети, повторно заведени биле **312** предмети, па вкупно во работа биле **20.837** предмети, од кои биле решени **17.651**, а нерешени останале **3.624** предмети. Приливот е совладан и решени се **1588** предмети повеќе. Од вкупно решените **17.652** предмети потврдени се **892** или **15,86%,** укинати се **211** или **4,66 %,** а преиначени се **76** или **1,26 %.**

#### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **2.891** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **10.438** предмети, погрешно заведени **8,** предмети повторно во работа **127,** па вкупно во работа биле **13.321** предмети, од кои биле решени **11.226**, а нерешени останале **2.095** предмети. Приливот е совладан и решени се **788** предмети повеќе. Од вкупно решените **11.226** предмети, потврдени се **663** или **4,03 %**, укинати биле **276** или **5,79 %** и преиначени се **116** или **3,00 %.**

#### Квалитет на предмети на ниво на суд

Од вкупно решените предмети 32.410, потврдени се 1255 или 3,87%. Укинати се 421 или 1,30%, а преиначени 192 или 0,59%.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот 2015 година ја започнал со **1768** стари нерешени предмети, од кои решени биле **933** предмети,а нерешени останале **835** стари предмети.

### 5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Судот 2015 година ја започнал со **159** вработени, но во текот на годината овој број е зголемен на вкупно **165** вработени, од кои **29** се судии, **1** судски администратор, **3** информатичари,**14** судски соработници**, 14** помлади соработници и друг персонал.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Зградата во која работи Основниот суд Куманово е стара 50 години и иако повремено се вршени некои интервенции, има неопходна потреба од реконструкција на кровот кој протекува, на електричната инсталација, замена

на дотраените врати и прозорци, потоа итно е потребна набавка на нов детектор за влезот од зградата и уште 10 нови клима уреди. Компјутерската опрема е со задоволувачки капацитет и истата редовно се надоградува и одржува.

### 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во поглед на ефикасноста, судот месечно решавал по **3086,66** предмети, па заостатокот од **5.720** предмети може да го реши за **1,85** месеци, што значи се работи за **апсолутно ефикасен суд.**

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Куманово во тековната 2015 година, покажал подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходните години, бидејќи бројот на укинати и преиначени одлуки е намален исто како и бројот на нерешените и на старите предмети. Во наредниот период треба да се обрне внимание на решавањето на старите нерешени предмети, како и да се продолжи трендот на подобрување на квалитетот на работењето и зголемувањето на процентот на потврдени предмети. Освен тоа потребно е итно да се обезбедат средства за санација на судската зграда која е стара и дотраена.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд, во работа биле вкупно 8.542 предмети од кои решени се вкупно 7.301 предмети, а останале нерешени 1.241 предмети.

Судот годината ја започнал со вкупен заостаток од претходната година од 2.102 предмети, во текот на годината примил 6.447 предмети и од вкупно 8.542 предмети кои ги имал во работа во 2015 година решил 7.301 предмети, со што останале нерешени 1.241 предмети, а заостатокот на нерешени предмети на крајот на 2015 година се намалил 861 за предмети во однос на претходната 2014.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Вкупно во 2015 год. во работа на судската управа биле 483 предмети од кои се решени 481, а останале нерешени 2 предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

**Кривичен Оддел (област)**

Судот годината ја започнал со заостаток од 1.213 предмети, примил 4.754 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 5.962 предмети. Во 2015 година биле решени 5.464 предмети и останал остаток од 498 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 710 предмети повеќе од примените со што за толку е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

**Граѓански Оддел (област)**

Во граѓанскиот оддел на судот во работа биле вкупно 2.097 предмети од кои се решени 1.356 предмети, а останале 741 нерешени.

Судот годината ја започнал со заостаток од 880 предмети, примил 1.219 предмети и со решените 1.356 предмети останал заостаток од 741 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан, а заостатокот на нерешени предмети е намален за 139 предмети во однос на 2014 година.

**КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ**

Во текот на 2015 година од вкупно 332 предмети вратени од второстепениот суд, потврдени биле 258 предмети или 77,71%, укинати целосно биле 52 предмети или 15,66%, преиначени биле 20 предмети или 6,02%, а по 2 предмети жалбите се отфрлени што претставува 0,61%.

**Квалитет на работа на кривичниот оддел**

Потврдени се целосно 68,08%, укинати се 21,28%, преиначени се целосно 8,51% и по 2,13% жалбата е отфрлена.

Квалитетот на работа се прекршочните предмети во 2015 година бил: целосно потврдени 72,70%, целосно укинати биле 20,05% од предметите и целосно преиначени се 6,80% од предметите.

**Квалитет на работа на граѓанскиот оддел**

Потврдени се целосно 85%, укинати се целосно 9,80%, преиначени се целосно 4,60% и 0,61% отфрлени жалби.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот 2015 година ја завршил со вкупно 127 стари предмети од кои 4 се кривични предмети, 5 прекршочни предмети, 2 граѓански предмети, 111 вонпарнични предмети и 5 предмети од извршување на санкции.

**5. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната 2015 година судот работел со вкупно 5 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Од 01.12.2014 година еден судија времено е упатен на работа во Основниот суд Скопје I Скопје.

Од 02.01.2015 година до крајот на извештајната 2015 година еден судија од ОС Кавадарци времено бил упатен на работа во овој суд.

Едно упразнето судиско место од 2013 година и едно упразнето од 2015 година не се пополнети.

Основниот суд Неготино има потреба од пополнување од 2 судии, 1 раководител на оддел, 1 судски соработник, 4 самостојни судски референти, 2 дактилографи, 2 припадници на судска полиција.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Неготино има добри просторни капацитети. Вработените имаат соодветно опремени канцеларии потребни за извршување на работните задачи. Судот е опремен со информатичка технологија поврзана во АКМИС системот која е застарена и со тоа значително е успорена работата на компјутерскиот систем во судот. Потребна е замена на опремата со нова современа опрема за да се зголеми сигурноста и стабилноста на системот, како и за забрзување во работењето на АКМИС системот.

**7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊАСО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Неготино е **апсолутно ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за период помал од 2 месеци.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

За подобрување на состојбите во судот и зголемување на ефикасноста потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, потребно е да се преземат максимални напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел неопходно е да се изготви програма за работа со која ќе се предвидат мерки и активности за ангажирање на судиите во судот во програми за едукација.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, како и подобрување на техничката опременост на судот.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд во работа биле вкупно 43.867 предмети, од кои решени се 36.281 предмети, додека 7.586 се водат како нерешени.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупен број на предмети во работа од претходната година изнесува 747, од кои се решени 739 предмети, додека 8 се водат како нерешени предмети.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ПРИ РАБОТА

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

Решени се 6.956 предмети, од кои 381 (5,48%), укинати се 138 (1,98%), преиначени се 123 (1,77%).

**КРИВИЧНИ ЗА ПОЛНОЛЕТНИ(К)**

Решени се 726 предмети, од кои потврдени се 89 (12,26%), укинати се 78 (10,74%), преиначени се 48 (6,61%).

**КРИВИЧНИ ЗА МАЛОЛЕТНИ(КМ).**

Решени се 39 предмети, потврдени се 1 (2,56%), укинати се 0 (0%), преиначени се 0 (0%).

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Решени се 5.627 предмети, потврдени се 265 (4,71%), укинати се 57 (1,01%), преиначени се 73 (1,30%).

**КРИВИЧЕН СОВЕТ ЗА ПРЕКРШОЦИ**

Решени се 22 предмети, потврдени се 8 (36,36%), укинати се 0 (0,00%), преиначени се 0 (0,00%).

**КРИВИЧЕН СОВЕТ**

Решени се 542 предмети, потврдени се 18 (3,32%), укинати се 3 (0,55%), преиначени се 2 (0,37%).

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Решени се 2.749 предмети, од кои потврдени се 735 (26,74%), укинати се 172 (6,26%), преиначени се 41 (1,49%).

**СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ**

Решени се 234 предмети, потврдени се 60 (25,64%), укинати се 22 (9,40%), преиначени се 5 (2,14%).

**ИМОТНИ СПОРОВИ**

Решени се 488, обжалени се 109 (22,34%), укинати се 26 (5,33%), преиначени се 12 (2,46%).

**ОБЛИГАЦИОНИ СПОРОВИ**

Решени се 145 предмети, потврдени се 54 (37,24%), укинати се 14 (9,66%) преиначени се 1(0,69%).

**СЕМЕЈНИ СПОРОВИ**

Решени се 260 предмети, потврдени се 18 (6,92%), укинати се 5 (1,92%) преиначени се 0 (0,00%).

***РАБОТНИ СПОРОВИ***

***Решени се 125 предмети, потврдени се 254 (203,20%), укинати се 8 (6,40%), преиначени се 1 (0,80%).***

**ТРГОВСКИ СПОРОВИ**

Решени се 64 предмети, потврдени се 26 (40,63%%), укинати се 14 (21,88%), преиначени се 4 (6,25%).

**ПЛАТНИ НАЛОЗИ ПО ПРИГОВОР**

Решени се 528 предмети, потврдени се 127 (24,05%), укинати се 46 (8,71%) преиначени се 5 (0,95%).

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ ПО ПРИГОВОР**

Решени се 5 предмети, потврдени се 0 (0,00%), укинати се 1 (20,00%), преиначени се 0 (0,00%).

**ФИЗИЧКА ДЕЛБА**

Решени се 99 предмети, потврдени се 8 (8,08%), укинати се 2 (2,02%) преиначени се 0(0%).

**ОСТАНАТИ ВПП**

Решени се 132 предмети, потврдени се 26 (19,70%), укинати се 25 (18,94%), преиначени се 0 (0,00%)

**СТЕЧАЈ**

Решени се 421 предмети, потврдени се 13 (3,09%), укинати се 5 (1,19%) преиначени се 0 (0,00%).

**ПРИГОВОРИ (ППНИ)**

Решени се 216 предмети, потврдени се 34 (15,74%), укинати се 2 (0,93%) преиначени се 13 (6,02%).

**ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

Решени се 32 предмети, потврдени се 6 (18,75%), укинати се 2 (6,25%) преиначени се 0(0,00%).

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во ОС Гостивар за 2015 година останале 1.061 стари нерешени предмети.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупно се вработени 115 лица, од кои 23 се судии. Во 2016 година, приоритет за овој суд е избор на 1 раководител на граѓански оддел, 1 раководител на кривичен оддел, 1 раководител на одделение, 1 самостоен судски референт–сметководител, 1 судски рефернет– информатичар, 5 судски референти–дактилографи, 3 помлади судски соработници–преведувачи ( Овие приоритети биле и за 2015 година). Во споредба со 2015 бројот на вработени се зголемил за 8 лица кои не се од редот на избрани судии.

## 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Зградата на Основниот суд Гостивар е реновирана во 2010 година, но бидејќи во оваа зграда покрај ОС Гостивар се сместени и ДП Гостивар, ОЈО Гостивар, ВЈО Гостивар и АС Гостивар, просторните услови се несоодветни, па заради тоа има потреба од дополнителни канцеларииi и мебел за истите, доопремување на архивата со соодветни ормари, доопремување на канцелариите со клима уреди (Иста состојба како и 2014 година).

Во поглед на безбедноста на судот, недостасуваат камери, соодветни метал детектори и комплетна опрема за судска полиција, бидејќи не е соодветно опремена.

**ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ :**

Во 2015 година Основниот суд Гостивар има намалување на 4 компјутери, а бројот на невработени е зголемен за 11, од тие причини постои недостаток на компјутери и печатари и има потреба од 20 комјутери и 15 печатари заради замена на постоечките кои веќе поодамна се амортизирани.

Судот располага со 6 судници, но само 3 се опремени со тонско судење, за потребите на тонското снимање се користи софтвер од СРС ФЕМИДА заедно со добиената опрема.

## 5. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

**Апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 2.2 месеци.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Гостивар за извештајната 2015 година, може да се констатира дека Основниот суд Гостивар го совладал приливот на нови предмети, а заостатокот од 2014 година е намален.

**Предлог мерки:**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на административниот персонал
- Да се согледа можноста за техничка и финансиска консолидација на Судот
- Да се подобри безбедноста на судот со набавка на камери, соодветни метал детектори и комплетна опрема за судска полиција.
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

# ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд во работа биле вкупно 5906 предмети, од кои решени се 5564 предмети, додека 342 се водат како нерешени.

## 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупно во работа 266 предмети, решени се 265 предмети.

## 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 2270 предмети од кои 2043 се решени, 227 нерешени.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 3370 предмети, од кои решени се 3256 предмети, 114 нерешени.

**- Квалитет на работа по сите основи**

Од вкупниот број на обжалени предмети, потврдени се 119 односно 60,4%, преиначени 5 односно 0,2%, укинати 36 односно 1,9%.

## 4. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

**Апсолутно ефикасен суд.** Заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 1.1 месец.

**Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на суди,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На 01.01.2015 година останати предмети од претходната година во овој суд има 973 предмети, новопримени во 2015 година има 13.557 предмети, 233 се повторно заведени, 7 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 14.530 предмети, од кои решени се 13.661 предмет, или 94,01%, а останале нерешени 869 предмети или 5,98%.

Од горните показатели следува дека судот со новопримените предмети 13557 и решените 13661 го совладале тековниот прилив и го намалил заостатокот за 104 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година биле во работа вкупно 895 предмети (предмети од СУ, СУ, ДОВ, СТ.Дов., изземање на судија, слободен пристап до информации, преставки и поплаки) и сите се решени. По истите постапува Претседателот на судот.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**- Кривичен оддел**

**Истраги**

Во текот на 2015 година, судот постапувал по еден стар истражен предмет и истиот не го решил.

**- Истражни дејствија**

Во 2015 година примени има 48 предмети, завршени се 47 предмети или 97,91%.

Поради примената на новиот ЗКП во извештајната година бројот на овие предмети е намален.

**- Кривични предмети против полнолетни лица**

Во 2015 годна новопримени се 221 предмет, решени се 240 предмети или 84,50% и останале за решавање уште 44 предмети или 15,49%, вклучувајќи ги ионие 13 повторно заведени од 2014 година.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 370 кривични предмети за полнолетни лица, во извештајната година тој број е намален за 86 предмети.

**- Разни кривични предмети**

Во извештајната година овој суд постапувал и по разни кривични предмети како што се: кривични замолници, разни истражни дејствија и кривични предмети во уписници „КР", одлуки на кривичен совет „КС", условен отпуст, помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка.

Во извештајниот период од овој вид предмети – одлуки на кривичниот совет „КС" во работа биле 190 предмети од кои решени се 188 предмети, или 98,94%, останале за решавање уште 2 предмети или 1,05%.

**- Прекршочни предмети**

На 01.01.2015 година вкупно во работа биле 2015 прекршочни предмети, решение се 1877 предмети или 93,15%, а останале за решавање уште 138 предмети или 6,84%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 2515 прекршочни предмети, во извештајната година тој број е намален за 500 прекршочни предмети.

**- Извршување на санкции**

На 01.01.2015 година во работа биле 2183 предмети, од кои решени се 2069 предмети или 94,77%, а останале за решавање 114 предмети или 5,22%.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека вкупно во работа биле 4721 предмет, од кои решени се 4421 предмет или 93,64%, а останале нерешени 300 предмети или 6,35%.

**Граѓанска област**

На 01.01.2015 година останале нерешени 255 премдети, примени 1241 предмети или вкупно во работа биле 1496 предмети, од кои решени се 1280 предмети или 85,56%, а останале за решавање уште 216 предмети или 14,43%.

Во овој оддел има зголемување на приливот на предметите и тоа кај работните односи и предмети од мала вредснот.

**- Вонпроцесни предмети**

На 01.01.2015 година останале 303 предмети, а примени во извештајната година се 3417 или вкупно во работа биле 3720 предмети, од кои решени се 3368 предмети или 90,53%, а останале за решавање уште 352 предмети или 9,46%.

**Кривичните предмети против полнолетни лица**

Соодносот на укинати и преиначени предмети во однос на решените во овој оддел е следен: од вкупно решени 240 предмети укинати се 12 предмети или 5%, а преиначени се 4 предмети или 1,66%.

**- Прекршочни предмети**

Од вкупно 1877 решени предмети укинати се 41 предмет или 2,18%, а преиначени се 41 предмет или 2,18%.

**Граѓански оддел**

**- Процесни предмети**

Од вкупно решени 1280 предмети укинати се 59 предмети или 4,60%, а приначени се 28 предмети или 2,18%.

**- Вонпроцесни предмети**

Од вкупно решени 331 предмет, укинати се 9 предмети или 2,71%, а преиначени нема.

**- Оставински предмети**

Вкупно во работа биле 865 предмети од кои 594 предмети се решени од страна на поверниците на судот – Нотарите.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел има само 6 предмети, во граѓанскиот оддел 2 предмети, нерешени се 2 стечјани предмети и 43 оставини кои се кај нотарите. Ова кажува дека овој суд е ажурен.

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

По однос на човечките ресурси – административниот персонал вкупно вработени во ивештајната година се 56 лица вклучувајќи ја и судската полиција, како и вработените согласно Законот за работните односи, во октомври 2015 година едно лице заминало во пензија, или вкупно 56 лица како административен персонал и 11 судии има во судот.

Треба да се има во предвид дека поголемиот дел од предвидените работни места не се потполнети, а стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење.

**6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

По однос на просторните услови за работа на овој суд, треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем, но согласно капиталните инвестиции за 2015 година не ни беа одобрени средства. Пет простории од сдуската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево.

**7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ**

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2015 година, може да се констатира дека судот по однос на предметите го совладал приливот и го надминал заостатокот, одлуките се донесувани во законски предвидените рокови со што се смета за **апсолутно ефикасен суд,** бидејќи заостатокот на предметите може да го реши за помалку од 1 месец.

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајната 2015 година, Основниот суд Тетово во работа имал 6.181 граѓански и кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 25.192 граѓански и кривични предмети кои заедно со нерешените 6.181 предмети, 704 предмети повторно во работа и 18 погрешно заведени предмети, ја дава бројката од 32.059 граѓански и кривични предмети кои судот ги имал во работа во извештајниот период.

Судиите во текот на 2015 година решиле вкупно 26.880 кривични и граѓански предмети, а како нерешени во 2016 година останати се 5.179 кривични и граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Тетово го совладал приливот на нови кривични и граѓански предмети во извештајната 2015 година и го намалил заостатокот за 1.002 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната 2015 година Основниот суд Тетово во работа имал 2 предмети од судска управа кои како нерешени биле префрлен од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година заведени се 1.148 нови предмети од судска управа кои заедно со нерешените 2 предмети и 2 предмети повторно во работа ја даваат бројката од 1.152предмети од судска управа кои судот ги имал во работа во извештајниот период.

Во извештајната 2015 година решени се вкупно 1.151 предмети од судската управа, а како нерешени во 2016 година останат е 1 предмет.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО**

**Кривичниот оддел** постапувал по предмети во претходната постапка, кривични предмети спрема полнолетни лица, кривични предмети спрема

малолетни лица, прекршочни предмети, извршување санкции и одлуки на кривичен совет вон главен претрес.

На почетокот на извештајната 2015 година, Кривичниот оддел во работа имал 4.698 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 21.207 нови кривични предмети, кои заедно со 513 предмети повторно во работа, 15 погрешно заведени и останатите нерешени 4.698 кривични предмети од претходната година, произлегува дека судот во текот на извештајната година во работа имал 26.403 кривични предмети.

Судиите од Кривичниот оддел во текот на 2015 година решиле вкупно 22.491 кривични предмети, а како нерешени во 2016 година останати се 3.912 кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека кривичниот оддел го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година и за 786 предмети го намалил заостатокот на нерешени предмеети од 4.698 кривични предмети кои како нерешени останале од претходниот извештаен период на 3.912 нерешени кривични предмети на крајот на извештајната 2015 година.

Во текот на извештајната година потврдени се 945 предмети или во однос на вкупно решените потврдени се 20,11 %, укинати се 277 предмети или 5,89% и преиначени се 236 предмети или 5,02 %.

**Граѓанскиот оддел** постапувал по парнични предмети, трговски спорови, стечаи, ликвидации, вонпроцесни предмети и останати предмети во надлежност на претседателот на судот.

На почетокот на извештајната година, одделот во работа имал 1.483 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2015 година примени се 3.985 нови предмети, кои заедно со 191 предмети повторно во работа и 3 погрешно заведени предмети, ја даваат бројката од 5.656 вкупно граѓански предмети во работа.

Судиите од Граѓанскиот оддел во текот на 2015 година решиле вкупно 4.389 граѓански предмети, а како нерешени во 2016 година останати се 1.267 граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел го совладал приливот на нови предмети во извештајната 2014 година и го намалил заостатокот за 216 граѓански предмети од 1.483 граѓански предмети кои како нерешени останале од претходниот извештаен период на 1.267 нерешени граѓански предмети на крајот на извештајната 2015 година.

Во текот на извештајната година потврдени се 385 пердмети или во однос на вкупно решените потврдени се 25,96 %, укинати се 118 предмети или 7,95% и преиначени се 59 предмети или 3,97 %.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Тетово на крајот на извештајната година останале нерешени 274 тари предмети и тоа:

- во кривичниот оддел 101 предмети од кои: 8 предмети од 2010 година, 10 предмети од 2011 година, 27 предмети од 2012 година и 56 предмети од 2013 година;

- во граѓанскиот оддел 173 предмети од кои : 1 предмети од 2004 година, 2 предмети од 2009 година, 4 предмети од 2010 година, 25 предмети од 2011 година, 42 предмети од 2012 година и 99 предмети од 2013 година;

Споредено со претходната извештајна година забележиво е намалување на вкупниот број на стари предмети од 326 на 274 стари предмети во извештајната година.

## 5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на извештајната 2015 година согласно Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Тетово поголем број од работните места биле пополнети.

Судот се соочил со проблем од недостаток на вработени на наведените работни места дотолку повеќе што во текот на 2015 година на неколку вработени им престанал работниот однос поради исполнување на услови за пензионирање.

Во текот на 2015 година со одлуки на Судскиот совет на Република Македонија на 2 судии им е утврден престанок на вршење на судската функција поради исполнување услови за старосна пензија, еден времено делегиран судија е вратен во Основниот суд Тетово, додека на двајца судии со одлука на Судскиот совет им е продолжено траењето на временото делегирање во Основниот суд Скопје 1 во Скопје.

Судски предмети се чуваат во посебни шкафови обезбедени со брави со клуч и катанци со што е овозможено нивно безбедно чување.

## 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Зградата во која е сместен судот е целосно реконструирана во текот на 2008 година од страна на Министерството за правда и истата е во релативно добра функционална состојба, но тековното одржување на судската зграда не е на задоволително ниво поради недостаток на буџетските средства. Проблем се јавува со парното греење поради дотраеност на котелот, радијаторите и инсталацијата и со подрумските простории кои се во лоша состојба бидејќи не биле опфатени со реконструкцијата, а проблем претставува и кровната конструкција која е во лоша состојба и особено на зима се јавуваат проблеми кои судот не може да го отстрани.

Судската зграда ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово и Државното правобранителство Тетово, поради што просторните услови налагаат потреба да се догради уште еден кат – трет кат за што од страна на Основниот суд Тетово е изготвен Идеен проект.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Тетово во текот на извештајната година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека примени се вкупно 25.192 нови кривични и граѓански предмети, а решени се вкупно 26.880 предмети. Намален е вкупниот број на нерешени предмети од 6.181 предмети кои како нерешени останале од пертходниот извештаен период на 5.179 предмети на крајот на извештајниот период така што е намален заостатокот за 1.002 предмети.

Ако се има предвид вкупниот број на решени 26.880 предмети во текот на извештајната година и бројот на останатите нерешени 5.179 предмети, според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат за период од 2.02 месеци, со што Основниот суд Тетово може да се смета за **апсолутно ефикасен суд.**

Во извештајната 2015 година зголемен е бројот на новопримени предмети во споредба со претходната година, зголемен е и бројот на вкупно решените предмети така што се забележува дека судот ја зголемил ефикасноста во работењето во извештајната година споредено со претходната година кога оценката за ефикасност беше 3,2.

Во текот на 2015 година потребно е судиите да ги решат старите предмети од постари годишта и да го подобрат квалитетот во решавањето на предметите, а да се задржи ефикасноста на работењето на судот.

Исто така, потребно е да се исполнат непополнетите работни места, да се реши просторниот проблем на судот и подобри информатичката технологија.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Битола 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **6.853** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **20.934** предмети, погрешно заведени **11** предмети, предмети повторно во работа **687** или во работа биле вкупно **28.463** предмети, од кои биле решени **23.752**, а нерешени останале **4.711** предмети. Приливот е совладан и решени се **2.718** предмети повеќе.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Судската управа 2015 година ја започнала со остаток од претходната 2014 година од **13** предмети. Во тековната 2015 година примени се **1.346** предмети, погрешно заведени **1,** па вкупно во работа биле **1.359** предмети, од кои решени се **1.343**, а нерешени останале **16** предмети. Приливот не е совладан за **3** предмети.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА

Од вкупно решените предмети 10.073, потврдени се 1227 или 12,18%. Укинати се 497или 4,93%, а преиначени 157 или 1,56%.

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **1.937** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **12.699** предмети, погрешно заведен **1,** предмети повторно во работа **352,** па вкупно во работа биле **14.988** предмети, од кои биле решени **12.677**, а нерешени останале **2.311** предмети. Приливот не е совладан за **22** предмети. Од вкупно решените **5.410** предмети, потврдени се **434** или **8,02%**, укинати биле **276** или **5,10%** и преиначени **76** или **1,40%.**

### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел 2015 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2014 година од **4.916** предмети. Во тековната 2015 година примени се нови **8.224** предмети, погрешно се заведени **10,** предмети повторно во работа **335** па вкупно во работа биле **13.475** предмети, од кои биле решени **11.075**, а нерешени останале **2.400** предмети. Приливот е совладан и решени се **2851** предмети повеќе. Од вкупно решените **4.663** предмети, потврдени се **793** или **17,01%** ,укинати се **221 и** или **4,74%,** а преиначени **81** или **1,74%.**

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот 2015 година ја започнал со **92** стари нерешени предмети, а ја завршил со **126** стари предмети, не рачунајќи ги **228** оставински предмети отстапени наj нотарите. Најстариот предмет е од 2009 година **1**, од 2010 година **4** предмети , од 2011 година **9**, од 2012 година **20** и од 2013 година **92** предмети.

### 5. КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во моментов во судот има вкупно 125 вработени, од кои 25 се судии но 1 судија е делегиран во ОС Ресен, па во текот на годината работелле 24 судии, а поради пензионирање на претседателот и изборот на 1 судија за претседател, сега во судот работат вкупно 23 судии вклучувајќи го и претседателот на судот. Бројот на вработени е со тенденција на опаѓање поради природен одлив на вработените со пензионирање, па и покрај

новопримените 11 судски службеници во текот на оваа година, сеуште има итна потреба од нови вработувања.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, но има проблем со просторот и опременоста на тој простор за чување на архивска граѓа и со застарената компјутерска технологија.

### 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во поглед на ефикасноста, судот месечно решавал по **2262** предмети, па заостатокот од **4.711** предмети може да го реши за **2,08** месеци, што значи дека се работи за **апсолутно ефикасен суд.**

### ПРЕДЛОГ МЕРКИ:

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во тековната 2015 година, покажува подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходната година и бројот на укинати и преиначени одлуки е намален исто како и бројот на нерешените и на старите предмети. Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзо решавање на старите нерешени предмети. Освен тоа потребно е судот и кадровски да се доекипира со пополнување на испразнетите работни места од сите профили, конкретно наведени во Извештајот, како и да се набави потребната компјутерска опрема.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Крушево во текот на 2015 година имал во работа 1758 предмети, од кои 267 предмети пренесени како незавршени од претходната година, 29 предмети повторно заведени и 1462 новопримени предмети.

Во извештајната година судот решил 1531 предмети, а нерешени на крајот на годината останале 227. Приливот на предмети е совладан во тековната година, а е намален и заостатокот на нерешени предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година судот имал во работа вкупно 191 предмети од кои решени се 187, а останале нерешени 4 предмети.

### 3.РАБОТА ВО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА.

**- Работа и квалитет на одлучување на кривичниот оддел.**

Во текот на 2015 година во кривичниот оддел судот примил 922 предмети, па со остатокот од 98 предмети од претходната година вкупно во работа биле 1.020 предмети. Во извештајната година решени се 910 предмети, а останале 110 нерешени предмети, од што може де се заклучи дека приливот не е совладан.

Од кривичните предмети за полнолетни лица, вкупно во работа имало 47 предмети, од кои пренесени како нерешени од претходната година 5 предмети и новопримени 43 предмети. Од овие предмети, решени се 39 предмети, а останале нерешени 8 предмети. По жалба биле 10 одлуки, од кои 4 одлуки се потврдени односно 45 %, 3 одлуки се укинати односно 33%, 2 одлуки се преиначени односно 22 %, а по 1 предмет одлука не е донесена.

Кај прекршочните предмети од претходната година останале нерешени 24 предмети, ново примени се 283 предмети така што во извештајната година во работа биле вкупно 307 прекршочни предмети.Решени се 292 предмети, што значи дека е совладан приливот.

Кај прекршочните предмети поднесени се жалби во 23 предмети, а одлуки се донесени по 18 предмети и тоа:

во 7 предмети одлуката е потврдена или 39%

во 7 предмети одлуката е укината или 39%

во 4 предмет одлуката е преправена или 22%.

Во споредба со предходната година зголемен е квалитетот на потврдени одлуки.

**- Работа и квалитет на одлучување во граѓанскиот оддел**

Во граѓанскиот оддел во текот на 2015 година вкупно во работа биле 703 предмети од кои новопримени 540 предмети и 163 предмети кои се пренесени како незавршени од предходната година. Решени се 593 предмети, а нерешени останале 110 предмети, што значи дека приливот е совладан.

Кај овие предмети биле поднесени 80 жалби, а одлука по жалба е донесена во 101 предмет при што:

во 90 предмети одлуката е потврдена или 89%

во 5 предмети одлуката е укината или 5%

во 4 предмети одлуката е преправена или 4%

во 2 предмети жалбата е отфрлена или 2%.

Може да се констатира дека квалитетот во граѓанското одделение е подобрен споредбено со предходната година.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во кривичниот оддел за полнолетни лица нема стари нерешени предмети, а во прекршочниот оддел нема ниту застарени , ниту стари прекршочни предмети.

Во граѓанскиот оддел нема стари предмети.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд Крушево својата фунција во 2015 ја извршувал со 22 вработени, од кои 3 судии сметајки го тука и претседателот на судот, еден стручен соработник и технички персонал.

Поради редовно пензионирање непополнети останале 10 работни места.

За поефикасна работа,судот смета дека треба да се пополнат работните места кои се предвидени со актот за систематизација и тоа: еден стручен соработник, двајца дактилографи и двајца судски приправници.

Судот работи со двајца дактилографи, од кои еден бил со нарушена здравствена состојба, а еден во тековната година исполнува услови за пензија.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Просторните услови на судот се на задоволително ниво, сите вработени имаат своја канцеларија, а секоја канцеларија има компјутер и печатар, од кои дел се застарени.

## 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКА

Основниот суд во Крушево во извештајната година имал во работа вкупно 1758 предмети, од кои 267 предмети пренесени како незавршени од претходната година, 29 предмети повторно заведени и 1462 новопримени предмети.

Во извештајната година судот решил 1531 предмети, а нерешени на крајот на годината останале 227 предмети.

Заостатокот од нерешени 227 предмет може да се реша за 1,5 месеци, така да судот во Крушево е апсолутно ефикасен суд.

Заради поефикасно и поажурно работење потребно е да се пополнат испразнетите работни места.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2014 година, во Основен суд Охрид останале незавршени вкупно 5.692 предмети.

Во текот на 2015 година, во Основен суд Охрид се оформени и примени во работа 17.045 нови предмети.

Во текот на 2015 година, во работа биле вкупно 22.719 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупно се решени 16.643 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупниот број на нерешени предмети е 6.076.

Во текот на 2015 година, Основниот суд Охрид, не ја совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 355 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Нерешени предмети од претходната година се 12 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2015 година, 694.

Вкупниот број на предмети во работа во 2015 година, е 706.

Вкупниот број на решени предмети во 2015 година, е 665.

Нерешени во крајот на 2015 останале 41 предмети.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

#### Кривичен Оддел

Во текот на претходната 2014 година, во кривичниот оддел останале незавршени 3.681 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 10.874 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 14.547 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во кривичниот оддел е 10.244.

Нерешени предмети до крајот на 2015 година, останале 4.303 предмети.

**- во овој одддел не е совладен приливот и е зголемен заостатокот за 622 предмети.**

#### Квалитетот на Кривичниот Оддел

Од решените 10.244 предмети, потврдени се 9.883, односно 96.48%, укинати 273 односно 2.7%, преиначени 73 односно 0.7%.

#### Граѓански Оддел

Во текот на претходната 2014 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 1.999 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2015 година е 5.468 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 7.466 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во граѓанскиот оддел е 5.734 предмети.

Нерешени предмети во крајот на 2015 година останале 1.732 предмети.

- во граѓанскиот оддел е совладан приливот и е намален заостатокот за -269 предмети.

**Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од решените предмети 5.734 во текот на извештајната година, се потврдени 5.327, односно 92.9%, укинати 254 односно 4.4%, преиначени 119 односно 2.1%.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Охрид, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети има 432, структура на старите предмети по години е следна, еден предмет е од 2006 година, 3 предмети се од 2007 година, 6 предмети се од 2008 година, 8 предмети се од 2009 година, 12 предмети се од 2010 година, 33 предмети се од 2011 година, 63 предмети од 2012 година и 306 предмети од 2013 година.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основен суд Охрид вкупно вработени се 101 од кои 17 судии и Претседател, треба вработување на упразнетите места.

- опременост на судот: немаат никакви забелешки по однос на функционалноста, опременоста на судот.

## 6.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

Основниот суд Охрид според критериумите за пресметување **на ефикасноста е ефикасен суд.**

# ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

## 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд, во работа биле вкупно 23.686 предмети од кои решени се вкупно 20.128 предмети, а останале нерешени 3.558 предмети, примени се вкупно 18.728 предмети, со што на крајот на 2015 година останале нерешени 3.558 предмети. Приливот на предмети е совладан, а заостатокот е намален за 600 предмети.

## 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупно во 2015 година во работа на судската управа биле 306 предмети кои сите биле новопримени предмети во извештајната година. Решени се вкупно 305, а останал нерешен 1 предмет.

## 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

**Кривичен оддел**

Судот годината ја започнал со заостаток од 3.178 предмети, примил 11.230 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 14.408 предмети. Во 2015 година биле решени 12.145 предмети и останал остаток од 2.263 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 915 предмети повеќе од примените со што затолку е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

**Граѓански Оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот биле примени 7.192 предмети, во работа биле вкупно 8.972 предмети од кои се решени 7.678 предмети, а останале 1.297 нерешени.

Годишниот прилив е совладан, а заостатокот е намален за 486 предмети во однос со 2014 година.

**4.КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ**

Во текот на 2015 година од вкупно 6.409 предмети, потврдени биле 1.179 предмети или 11,93%, укинати биле 137 предмети или 2,95%, а преиначени биле 42 предмети или 0,9%.

**Квалитет на работа на Кривичниот оддел**

Потврдени се целосно 8,20%, укинати се 3,60%, делумно укинати 0,30% и преиначени се 1,30%.

**Квалитет на работа на Граѓанскиот Оддел**

Потврдени се целосно 27,20%, укинати се 4,49%, делумно укинати 1,60% и преиначени се целосно 1,40% одлуки.

**5. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот 2015 година ја завршил со вкупно 26 стари предмети.

Споредено со претходната извештајна година, бројот на стари предмети е намален за 20 предмети.

**6. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната 2015 година судот работел со вкупно 17 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот. Еден судија бил времено упатен во Основниот суд Скопје I Скопје.

Основниот суд Прилеп има потреба од пополнување на работни места со повеќе судски службеници од различни области.

**7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊАСО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Прилеп е **апсолутно ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за период помал од 2 месеци.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за поправка и одржување на судската зграда, како и за набавка и одржување на опрема

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

• Како остаток од 2014 година биле 809 предмети, а новопримени се 3.401 предмет. **Повторно заведени биле 76 предмети и имало 4 погрешно заведени придмети, со што вкупно во работа** во текот на 2015 година на ниво на суд **биле 3.473** , од кои решени се 1.929 предмети, додека 344 се водат како нерешени**..**

**2. СУДСКА УПРАВА**

• Вкупен број на предмети во работа од претходната година изнесува 1.764, од кои се решени 3.654, додека 628 se водат како нерешени предмети.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**
**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**.

Во 2015 година вкупно во работа биле119 предмети, или 9 предмети помалку во однос на 2014.

Од нив се решени 86 кривични предмети или 72,27%, останале нерешени 33 или 27,73%.

Од вкупно решени 86, обжалени се 23 предмети (26,75%), од обжалените е одлучено е во 19 предмети, од кои потврдени се 9 (47,4%), укинати се 8 (42%), преиначени се 2(10,5).

**КРИВИЧЕН СОВЕТ**

Од 25 предмети, 22 или 88% се решени.

**ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ**.

Во 2015 вкупно во работа биле 988 , или за 7 предмети (0,7%) помалку во однос на 2014 година.

Решени се 857 предмети а нерешени останале 131 предмет .

Од вкупно решени 857, обжалени се 75 предмети (8,756%), од обжалените е одлучено е во 69 предмети, од кои потврдени се 41 (59,42%), укинати се 19 (27,54%), преиначени се 4(5,97%), а во 5 предмети (7,25%), жалбата е отфрлена.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ САНКЦИИ**

По уписник **"КУИКП"** од вкупно 12предмети, решени се 4, а 8 останале нерешени .

Од предмети за извршување на кривични глоби, трошоци и паушал од вкупно 55 предмети,34 се решени, а 21 останале нрешени.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ**

Од вкупно 599 предмети, 534 се решени, а 65 останале нерешени, приливот не е совладан за 18 предмети.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

**ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Нерешени парнични предмети на 01.01.2015 имало 145 предмети.

Вкупно во работа 369, а решени се 304 предмети.

Од 304 решени предмети, обжалени се 79(26%), од кои потврдени се 53 односно (67%), укинати се 33 (29,2%) преиначени се 7(8,9%), 17 се укинати (21,5%), во 1предмет одлуката делумно е укината (1,3%),во 1 предмет (1,3%), жалбата е отфрлена.

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Во работа биле 27 предмети, решени се 21, останале нерешени 6.

Била обжалена 1 одлука и истата од второстепниот суд е вратена укината.

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ КАЈ НОТАРИ**

Од 518 предмети, решени се 239, а останале 279 нерешени.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од решени 30 предмети, обжалени се 8 (26,7%), од кои потврдени се 5 односно (71,42%), укинати се 2(28,58%).

Во однос на вкупниот број на решение предмети бројот на потврдени изнесува 16,7 % и укинати се 6,7%.

**ПРЕДМЕТИ ПО УПИСНИК "ППНИ"**

Од 16 предмети, 15 се решени , останал 1 нерешен предмет.

Жалба е поднесена во 4 предмети (25%). Од вратените 3 предмети од жалбена постапка, потврдени се 2, преиначен 1 предмет.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2015 година имало 176 стари предмети, од нив решение се 54 , а останале нерешени 122 предмети.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупно се вработени 29 лица. Во Основниот суд Ресен, во 2015 година постапувале по предмети 4 судии, од кои 3 се изабрани судии и 1 судија времено за период од една годинам упатен со решение на Судскиот Совет бр.07-2149/1 од 15.12.2014 годинба. Во 2015 година, на книговодителот и еден хигиеничар им престанал работниот однос заради исполнување на услови за старосна пензија.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Техничката опременост на судот во бројки се состои од 24 компјутери и 12 печатачи.

Оваа опрема не ги задоволува потребите со оглед дека се работи за застарени компјутери и треба да се замени со нова, како би можело да се одговори на потребите на работењето, како што е електронска достава, плаќање на такси преку интернет и сл.

Една судница е опремена за тонско снимање

Судот нема посебен влез, па заради целосна евиденција на вработените потребно е да се обезбеди ваков влез или да се инсталира видео-опрема.(Иста сосотојба како и во 2014 година).

## 7.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

• **Апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 1,9 месеци.

**Предлог мерки:**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и административен персонал
- Да се поправи деткторот-врата или да се набави нов
- Да се согледа можноста за техничка и финансиска консолидација на Судот
- да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

# ОСНОВЕН СУД СТРУГА

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд, во работа биле вкупно 16.993 предмети од кои решени се вкупно 14.378 предмети, а останале нерешени 2.615 предмети, примени се вкупно 13.959 предмети, со што на крајот на 2015 година останале нерешени 2.615 предмети. Приливот на предмети е совладан, а заостатокот е зголемен за 33 предмети.

## 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупно во 2015 год. во работа на судската управа биле 2.128 предмети од кои заостаток од 8 предмети, новопримени 2.121 предмети. Решени се вкупно 2.126, а останале нерешени 2 предмети и со тоа е намален заостатокот од претходната година за 6 предмети.

## 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

### Кривичен Оддел (област)

Судот годината ја започнал со заостаток од 1.343 предмети, примил 6.656 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 7.989 предмети. Во 2015 година биле решени 6.766 предмети и останал остаток од 1.223 нерешени

предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 110 предмети повеќе од примените со што за толку е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

**Граѓански Оддел (област)**

Во граѓанскиот оддел на судот во работа биле примени 5.182 предмети, во работа биле вкупно 6.406 предмети од кои се решени 5.159 предмети, а останале 1.247 нерешени.

Годишниот прилив не е совладан за 23 предмети, а заостатокот е зголемен за 16 предмети во однос на 2014 година.

**4. КВАЛИТЕТ НА РАБОТА ПО СИТЕ ОСНОВИ**

Во текот на 2015 година од вкупно 833 предмети вратени од второстепениот суд, потврдени биле 566 предмети или 67,94%, укинати целосно биле 202 предмети или 24,24%, а преиначени биле 65 предмети или 7,80%.

**Квалитет на работа на кривичниот оддел**

Потврдени се целосно 60,98%, укинати се 28,32%, преиначени се целосно 10,69%.

**Квалитет на работа на граѓанскиот оддел**

Потврдени се целосно 72,89%, укинати се 21,35%, преиначени се целосно 5,74% одлуки.

**5.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Судот 2015 година ја завршил со вкупно 90 стари предмети.

Споредено со претходната извештајна година, бројот на стари предмети е намален за 1 предмет.

**6. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во извештајната 2015 година судот работел со вкупно 14 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Основниот суд Струга има потреба од пополнување со 1 судија и повеќе судски службеници од различни области.

**7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Струга има добри просторни капацитети. Вработените имаат соодветно опремени канцеларии потребни за извршување на работните задачи. Судот е опремен со информатичка технологија поврзана во АКМИС системот. Потребна е замена на опремата со нова современа опрема за да се зголеми сигурноста и стабилноста на системот, како и за забрзување во работењето на АКМИС системот.

**8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊАСО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Неготино е **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за период помал од 5 месеци.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, потребно е да се преземат напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел неопходно е да се изготви програма за работа со која ќе се предвидат мерки и активности за ангажирање на судиите во судот во програми за едукација.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, како и подобрување на техничката опременост на судот.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Берово од претходната 2014 година останале незавршени вкупно 223 предмети, а новопримени во текот на 2015 година биле 3818 предмети, 45 предмети повторно биле во работа пред овој суд и 1 предмет погрешно бил заведен, така да вкупен број на предмети во работа во 2015 година биле 4087. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2015 година биле решени 3809, а останале нерешени 278 предмети, што укажува дека приливот не бил совладан за 55 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа од претходната 2014 година немало нерешени предмети, а новопримени во текот на 2015 година биле 531 предмет и сите овие се решени во извештајната 2015 година.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2014 година останале нерешени 82 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2015 година биле 1519 и 28 предмети повторно биле во работа во овој оддел, така да вкупниот број на предмети во кривичниот оддел во извештајната 2015 година бил 1629. Од овие предмети во 2015 година биле решени 1458 предмети и останале нерешени 171 предмет. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел не бил совладан за 89 предмети.

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2014 година останале нерешени 140 предмети, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2015 година биле 470. Предмети кои повторно биле во работа во граѓанскиот оддел во текот на 2015 година биле 17 и 1 предмет погрешно бил заведен, така да вкупно во работа во овој оддел во текот на 2015 година биле 628 предмети. Од овој број на предмети во 2015 година решени биле 527 предмети и останале нерешени 101 предмет. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел не бил совладан за 39 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Берово во 2015 година, според податоците од доставениот извештај од тој суд, од вкупниот број решени предмети (3809) потврдени биле одлуките по 80 предмети или 56,3%, укинати биле 35 одлуки или 24,6% и 6 одлуки бил преиначени, односно 4,2%.

На ниво на оддел квалитетот во работата во Кривичниот оддел , според доставениот извештај е изразен на следниот начин:

- Од вкупниот број решени предмети, одлуките биле потврдени во 28 предмети или 43,0%, укинати биле 25 одлуки или 38,4% и преиначени 5 одлуки или 7,6%.
- Во Граѓанскиот оддел од вкупниот број решени предмети, потврдени биле 51 одлука или 66,2% и укинати 10 одлуки или 12,9%, додека нема преиначени одлуки.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Берово во претходната 2015 година останале нерешени 14 стари предмети и тоа 12 предмети заведени со година на прием од 2012 – 2013 година, еден предмет оформен како имотен спор со

година на прием 2014 година и еден предмет оформен како спор од мала вредност со година на прием 2015 година.

### 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во извештајната 2015 година, во Основниот суд Берово воочен е проблем во диспропорција во однос на работното место – задачи, при што е констатиран недостиг на уписничари и дактилографи.

### 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Просторниот капацитет на Основниот суд Берово ги задоволува потребите за вршење на работите од областа на пружање на правна помош, односно остварување на правата на граѓаните. Овој суд и натаму се соочува со проблем на неуредни санитарни јазли за што е потребна инвестиција заради санирање на состојбата. Исто така, информатичката технологија е застарена, односно потребни се нови компјутери, принтери и фотокопир.

### 7. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Со оглед на вкупниот број на предмети во работа по кои било постапувано во Основниот суд Берово во текот на 2015 година, во однос на претходната извештајна година, може да се заклучи дека на ниво на судот, не е совладан приливот за 55 предмети, имајќи предвид дека во 2015 година останале нерешени 278 предмети, во однос на претходната 2014 година во која имало 223 нерешени предмети. Меѓутоа, со оглед на вкупниот број на решени предмети (3809) во текот на 2015 година, произлегува дека на месечно ниво во просек биле решавани по 362-363 предмети, што значи дека вкупниот заостаток од 278 предмети на ниво на суд, би можел да се надмине за еден месец, така да овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Меѓутоа, се забележува намалување на квалитетот на работа, како во граѓанскиот, а особено во кривичниот оддел, независно што процентот на укинати одлуки во кривичниот оддел е намален во однос на претходната извештајна година, но сеуште процентот на 38,4% укинати одлуки е висок, имајќи предвид дека биле потврдени 43,0% од одлуките во оваа област.

Во оваа насока се препорачува редовна едукација и следење на прописите од соодветната област, како и нивната практична примена во одлуките на судовите од повисок степен.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2014 година во Основниот суд Виница останале нерешени 294 предмети, новопримени биле 3.627 предмети, повторно во работа 47, вкупно предмети во работа 3.968, решени предмети 3.720, останале нерешени 248 предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2015 година примени се 504 предмети и сите се решени до крајот на извештајната година.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети останале 147, новопримени предмети 1.884, предмети повторно во работа 32, вкупно предмети во работа 2.063, решени предмети 1.873, останале нерешени 190 предмети.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година 147, новопримени предмети 1.239, предмети повторно во работа 15, вкупно предмети во работа 1.401, решени предмети 1.343, останале нерешени 58 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Решени предмети 1.139, потврдени 87 или во проценти 7,63%, укинати 45 или во проценти 3,95%, преиначени 7 или во проценти 0,61%.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Кривичен оддел -** Решени предмети 804, потврдени 32 или во проценти 3,98%, укинати 30 или во проценти 3,73%, преиначени 3 или во проценти 0,37%.

**Граѓански оддел -** Решени предмети 335, потврдени 55 или во проценти 16,41%, укинати 15 или во проценти 4,47%, преиначени 4 или во проценти 1,19%.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2015 година судот во работа имал 19 предмети и тоа од 2009 година 2 предмети, од 2010 година 2 предмети, од 2011 година и од 2012 година по 1 предмет и од 2013 година 13 предмети.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во извештајната 2015 година судот работел со 3 тројца судии заедно со Претседателот на судот од предвидените 5 судии, според систематизацијата. Со Правилникот за организација и систематизација на работни места, во судот се систематизирани 27 работни места, а предвидени 40 извршители за поодделните работни места. Судот работел со 26 работници – извршители, од кои 4 стручни судски службеници, 15 административно-технички службеници, 5 судски полицајци и 1 вработен. Во извештајот се истакнува дека ваквата пополнетост на работните места, не одговара на обемот на работа во судот, имајќи го во предвид вкупниот годишен прилив на предмети.

## 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Зградата во која е сместен судот просторно и наменски не одговара, условите не ги задоволуваат потребите, судиите се сместени во нестандардни канцеларии заедно со записничарите.

Се предлага подобрување на условите заедно со тековната опременост во една стандардна процедура и услови кои би довеле до подобрување на работењето на судот.

## 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од податоците и констатациите изнесени во извештајот за работата на Основниот суд Виница, може да се извлече оценка за неговата ефикасност и ажурност, како суд кој заостатокот може да го реши за помалку од еден месец, кое го категоризира како **апсолутно ефикасен суд.**

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2015 година на ниво на суд во работа биле вкупно 6169 предмети,од кои решени се 5213 предмети, додека 956 се водат како нерешени.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупно во работа 752 предмети и сите се решени.

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

***- Граѓански оддел (област)***

Во работа биле вкупно 2457 предмети, од кои 1883 се решени, 574 нерешени.

***- Кривичен оддел (област)***

Во работа биле вкупно 3129 предмети, од кои 2747 се решени, 382 нерешени.

***- Квалитет на работа по сите основи***

Од вкупнот број на решени предмети по жалба, потврдени се 102 односно 70,4%, преиначени 10 односно 6,9%, укинати 33 односно 22,7%.

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 65 стари предмети во работа тековната 2015 година, решени се 23 предмети а останале нерешени 42 предмети.

### 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2015 година вкупно биле вработени 39 лица, од кои тројца се судии. Според систематизацијата за бројот на судии, судиската функција во овој суд треба да ја обавуваат четири судии со претседател. Со одлука на Судски совет, во овој суд времено биле упатени да работат двајца судии од Основните судови Кочани.

### 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Делчево работи во зграда од која три простории користи Јавното обвинителство Делчево, со посебен влез. Се истакнува потребата од поставување на детекторска врата на влезот на судот и камери како и да се смени столаријата на судската зграда. Во овој суд се применува акмис системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија се истакнува проблемот на дотраеноста на компјутерите (просечна старост 13 години) и нивниот одраз во нормалниот тек на работењето.

### 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

**Апсолутно ефикасен суд.** Заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 1.9 месеци.

- **Предлог мерки:**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на суди,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2014 година, во Основен суд Кочани останале незавршени 1442 предмети.

Во текот на 2015 година, во Основен суд Кочани се оформени и примени во работа 11033 нови предмети.

Во текот на 2015 година, во работа биле вкупно 12600 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупно се решени 11343 предмети.

Во текот на 2015 година, вкупниот број на нерешени предмети е 1257.

Во текот на 2015 година, Основниот суд Кочани, ја совладал приливот, а заостатокот е намален за 185 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2015 година, е 2168.

Вкупниот број на предмети во работа во 2015 година, е 2167.

Вкупниот број на решени предмети во 2015 година е 2167.

нерешени 0

### 3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**- Кривичен Оддел**

Во текот на претходната 2014 година, во кривичниот оддел останале незавршени 940 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 6030 предмети. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 6968 предмети

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во кривичниот оддел е 5974.

Нерешени предмети до крајот на 2015 година, останале 994 предмети.

**Во овој оддел не е совладен приливот и е зголемен заостатокот за 54 предмети**

**-Квалитетот на Кривичниот оддел**

од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 125, односно 5.81%, укинати 57 односно 2.64% преиначени 20 односно 0.92%

**-Граѓански Оддел**

Во текот на претходната 2014 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 502 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2015 година е 2966 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2015 година е 3466 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2015 година во граѓанскиот оддел е 3203 предмети.

Нерешени предмети во крајот на 2015 година останале 263 предмети.

Во граѓанскиот оддел е совладан приливот и е намален заостатокот за -241 предмети.

**-Квалитетот на граѓаскиот оддел**

од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 239, односно 20.78%, укинати 58 односно 5.04% преиначени 27 односно 2.34%

### 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

во Основниот суд Кочани во работа има 89 стари предмети, од кои: 29 кривични, 46 прекршочни , 5 граѓански, причините се не достап на обвинетите и поради вештачењата.

### 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Човечки ресурси: 10 судии, 2 се делегирани во ОС Делчево 44 судски службеници,

### 6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Опременост на судот,: само 3 судниции, треба дополнителни судници., проблеми со снимањето

### 7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Кочани според критериумите за пресметување на ефикасноста е **апсолутно ефикасен суд,** ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2015 година, судот може да ги реши за помалку од 2 месеци.

**Предлог мерки:**

Потребно изнаоѓање на решение за простори за судници.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во извештајната 2015 година во судот новопримени предмети во работа се 9.185, повторно заведени се 92 предмети, 1 предмет е погрешно заведен и вкупно во работа биле 9.617 предмети.

Во споредба со претходната 2014 година во судот во 2015 година биле примени 1.667 предмети повеќе.

Во однос на решени предмети во извештајната година со повторно заведените биле решени вкупно 9.009 предмети што претставува зголемување за 1.040 предмети во споредба со претходната година кога биле решени 7.969 предмети.

### 2. СУДСКА УПРАВА

Во извештајната 2015 година судот примил 982 предмети од судска управа, нема пренесено заостаток од 2014 година. Вкупно во работа судот имал 982 предмети и сите се решени. Нема остаток на нерешени предмети на крајот на извештајната 2015 година.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**Предметно работење на ниво на Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел во извештајната 2015 година биле примени 2.492 предмети, повторно заведени 55 предмети, вкупно предмети во работа 2.684, решени се 2.311 предмети, останале нерешени 373 предмети.

**Предметно работење на ниво на Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот оддел во извештајната 2015 година биле примени 499 предмети, повторно заведени 36 предмети, вкупно предмети во работа 627, решени се 536 предмети, остаток од нерешени предмети се 91 предмет.

Во извештајната 2015 година евидентирани се 215 ново примени оставински предмети, кои се проследени во работа кај нотарите како повереници на судот.

Нотарите во текот на 2015 година имаат постапувано со пренесените 66 предмети од 2014 година по вкупно 281 предмет, решени се 175 предмети.

Неопходно е да се наведе дека од вкупно 197 нерешени предмети во граѓанскиот оддел, најголемиот број (106) се оставински предмети кај нотарите именувани за подрачјето на Основниот суд Радовиш.

**4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2015 година судот постапувал по 29 стари нерешени предмети со пренесените 7 предмети од 2014 година. Останале во работа 8 нерешени стари предмети.

**5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во зградата на Основниот суд Радовиш, сместени се ОЈО, подрачните единици на Агенцијата за катастар на недвижности како и Управата за јавни приходи. Во текот на извештајната 2015 година судската функција во Основниот суд Радовиш ја извршувале Претседателот на судот и 5 судии.

Имајќи ја во предвид систематизацијата со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Радовиш од 01.04.2015 година, во судот се непополнети 9 работни места. Поради неможност од обезбедување финансиски средстава, не е дозволено пополнување на непотполнетите места во судската служба.

**6.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Со цел остварување минимални стандарди за безбедност на вработените и имотот на Судот, од исклучителна важност е обезбедување средства за инсталирање опрема за видео надзор и поставување врати за контролиран пристап.

Недостаток во посакуваната динамика во функционирањето на Судот претставува недоволната информатичка технологија, како и застареноста на постојаната опрема, која не го поседува потребниот капацитет. Од овие причини со големи потешкотии се спроведуваат дејствијата во програмата АКМИС. Следствено на тоа, неопходно е потребно обновување на информатичката технологија на Судот и понатамошна едукација на вработените за користење на истата.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во 2015 година нерешени од претходната година имало 666 предмети, новопримени биле 4956 предмети, вкупно предмети во работа во судот биле 5681 предмет, решени се 5232 предмети, а останале нерешени 449 предмети.

**2. СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети на почетокот на годината немало, новопримени предмети 967, вкупно предмети во работа 967 предмети, решени предмети 966, а останал нерешен само 1 предмет.

**3. РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

**Кривичен Оддел**

Од претходната година нерешени предмети на почетокот на година останале 238 предмети, новопримени 2349 предмети, вкупно предмети во работа 2619, решени предмети во извештајната година 2515, останале нерешени 104 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените кривични предмети во овој оддел 2515, обжалени биле вкупно 104 предмети, од кои: потврдени биле 76 предмети или 3,02%, укинати 22 предмети или 0,87% и преиначени 6 предмети или 0,24%.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2015 година нерешени биле 428 предмети, новопримени предмети биле 1641 предмет, предмети повторно во работа 27, погрешно заведени 1, вкупно предмети во работа 2095 предмети, решени 1751 предмет и останале нерешени 344 граѓански предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените предмети во граѓански оддел 1751 предмет, обжалени биле 121 предмет од кои: потврдени се 106 предмети или 6,05%, укинати 14 предмети или 0,80% и преиначени 1 предмет или 0,06%.

## 4. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Нема податоци во извештајот за работа на овој суд за 2015 година, по однос на состојбата со старите предмти.

## 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2014 година, судиската функција ја извршуваа 4 судии избрани во судот, 1 судија делегиран од Основен суд Радовиш. Судскиот совет на Република Македонија со Одлука објавена во „Службен весник на РМ" бр.213 од 03.12.2015 година" го утврди бројот на судии на 4 судии.

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 23 работни места, а предвидени се 38 извршители за поодделните работни места.

Во текот на 2015 година овој суд работел со 22 судски службеници од кои: 4 стручни судски службеници, 13 административно – технички службеници, 4 судски полицајци и 1 по Законот за работните односи.

## 6. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Зградата на Основниот суд Свети Николе е изградена во 1976 година. Судиите се сместени во посебни канцеларии, а има и доволно канцеларии и за останатите вработени во судот. Просторните услови во судот задоволуваат. Потребно е да се променат прозорите, а исто така има потреба од стандарден кров на судската зграда.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Судиите и останатите вработени во овој суд, вложиле максимални напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот. Овој суд е **ажурен суд**, бидејќи го совладал приливот, а заостатокот на предметите може да го реши за помалку од 1 месец.

Судиите и стручните соработници, како и сите вработени треба да продолжат со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките, во насока на решавање на поголем број на предмети, постигнување на уште подобар квалитет во пресудувањето како и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Струмица од 2014 година биле евидентирани како нерешени 4.215 предмети. Во текот на 2015 година примени се во работа 24.949 предмети. Во текот на годината биле вкупно во работа 29.434 предмети, од кои решени се 26.183 предмети, а останале нерешени 3.251 предмети. Во однос на претходната 2014 година заостатокот е намален за 964 предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во одделот за судска управа во текот на 2015 година примени се 2.738 предмети, останале нерешени од 2014 година 12 предмети, во работа вкупно имало 2.750 предмети од кои се решени 2.747 предмети, а останале нерешени 3 предмети. Со напомена дека извештајниот период го започнале со 124 предмети повеќе во однос на заостатокот за 2014 година, од причина што во извештајот за 2014 година не беше прикажана колона „предмети повторно во работа".

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Во Кривичниот оддел во 2014 година останале нерешени 2.600 предмети. Во текот на 2015 година примени биле вкупно 15.743 предмети или во работа биле вкупно 18.219 предмети. Во текот на 2015 година решени се вкупно 16.609 предмети, а останале нерешени вкупно 1.910 предмети, што значи во однос на 2014 година има намалување на бројот на нерешени предмети за 390.

Во Граѓанскиот оддел во 2014 година останале нерешени 1.603 предмети. Во текот на 2015 година примени се 6.467 предмети или во работа вкупно биле 8.165 предмети. Решени во текот на годината се 6.827 предмети, останале нерешени 1.338 предмети, што значи дека имало намалување на бројот на нерешени предмети за 165 предмети.

**Квалитет на работењето по предметите во судот**

**Квалитетот на предметите на ниво на суд е следниот:**

Од вкупно решени 7.883 предмети обжалени се 868 предмети, примени со одлука потврдени 647 предмети или 74,57% , примени со одлука за преиначени 44 предмети или 5,07 %, примени со одлука укинати 171 предмет или 19,70 %, примени со одлука делумно укинати 4 или 0,46 %, примени со одлука отфрлени 2 или 0,23 %. Процентот од вкупно решените предмети е следен: потврдени 8,21, преиначени 0,56 %, укинати 2,17 %, делумно укинати 0,05%, отфрлени 0,03 %.

**Квалитетот на работењето на предметите во кривичниот оддел е следен:**

Од вкупно решени 1.284 предмети, обжалени се 218 предмети, примени со одлука потврдени 150 предмети или 68,81 %, примени со одлука за преиначени 17 или 7,80%, примени со одлука укинати 49 предмети или 22,48 %, примени со одлука делумно укинати 2 предмети или 0,92 %. Од вкупниот број на решени предмети квалитетот во проценти е следен: потврдени 11,68 %, преиначени 1,32 %, укинати 3,82 %, делумно укинати 0,16 %.

**Квалитетот на работење по предметите во граѓанскиот оддел е следен:**

Од вкупно решени предмети 2.631, обжалени се 456 предмети, од кои потврдени 372 предмети или 81,58 %, примени со одлука преиначени 20 или

4,79%, примени со одлука укинати 61 предмети или 13,38 %, примени со одлука делумно укинати 1, или 0,22 %, и примени со одлука отфрлени 2 или 0,43 %.

**Од вкупно решените предмети квалитетот е следниот:**

Потврдени 14,14 %, преиначени 0,76 %, укинати 2,32 %, делумно укинати 0,04 % и отфрлени 0,08%.

**4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на 2014 година останале 132 предмети кои не биле решени. Во текот на 2015 година добиени се уште 363 предмети или вкупно во работа имало 495 предмети, од кои решение се 212 предмети, а останале 275 предмети што значи дека бројот на стари предмети е зголемен за 143 предмети.

**5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Според систематизацијата во Основниот суд Струмица, треба да бидат распоредени 22 судии, но во текот на извештајната 2015 година судската функција ја извршуваат 19 судии заедно со Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, во Основниот суд Струмица предвидени се 121 работно место, од кои пополнети се 81 од кои: раководни судски службеници 1, стручни судски службеници 16, административно-технички судски службеници 52, судска полиција 7, вработени согласно Законот за работни односи 5 или вкупно 81.

**6.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Зградата на Основниот суд Струмица се состои од подрумски простории, приземје и три ката. Во периодот од 2004 до 2009 година беше реновирана, се набави нов мебел, архивите во судот беа реновирани, беа набавени нови метални плакари, во сите судници и канцеларии има клима уреди, така што во летниот период нема потреба од поголеми капитални инвестиции. Судот е во рамките на пропишаните стандарди за опременоста на зградата со потребниот мебел и опрема согласно правилниците за оваа намена.

**7.ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Судот во текот на 2015 година бил **апсолутно ефикасен**, според статистичките податоци изнесени во извештајот за работата на судот за 2015 година, заостатокот на предмети може да се реши за помалку од 3 месеци.

Во наредниот период посебно да се обрне внимание на старите предмети и на квалитетот на работата на предметите во двата оддела.

**ОСНОВЕН СУД ШТИП**

**1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Од 2014 година нерешени останале 2.972 предмети, новопримени во текот на 2015 година се 13.949 предмети, погрешно заведени се 6 предмети. Вкупно во работа во текот на годината имало 16.915 предмети. Во текот на годината решени се 13.162 предмети, а останале нерешени 2.753 предмети.

**2.СУДСКА УПРАВА**

Предмети од судската управа од 2014 година не се останати. Во текот на 2015 година, решени се 1.039 предмети од судската управа заведени под Су1, Су2, Су3, Су4, Су5, Су6, Су7 и 33.

Доверливи предмети во судската управа се дојде и решени 6 предмети и предмети од евиденција за претставки и поплаки вкупно 16 дојдени и 16 решени, застаток за 2015 година нема.

## 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Во кривичниот оддел нерешени од 2014 година останале 1.585, новопримени 8.252 предмети, вкупно во работа 9.832 предмети, решени 7.960 предмети, останале нерешени 1.572 предмети.

Во граѓанскиот оддел останале нерешени од 2014 година 1.387 предмети, новопримени 4.636 предмети, вкупно 6.022 предмети, од кои решени се 5.141 предмети, а останале нерешени 881 предмети.

На ниво на суд од вкупно решени 13.101 предмети, обжалени се 889 или 6,7 %, потврдени се 689 или 5,2 %, преправени 53 предмети или 0,4 % и укинати 147 или 1,1 %. За квалитетот на решени предмети во кривичниот оддел за 2015 година е следната состојба:

Во кривичниот оддел од вкупно решени 7.960 предмети обжалени се 264 предмети или 3,31%, потврдени 161 предмети или 2 %, преправени 28 предмети или 0,3 % и укинати се 75 или 0,9 %.

Во граѓанскиот оддел од вкупно решени 5.141 прдмети , обжалени 625 предмети или 12,1 %, потврдени 528 предмети или 10,2 %, преправени 25 или 0,4 % и укинати 72 или 1,4 %.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот на 2015 година во судот имало 98 нерешени стари предмети. Во текот на 2015 година се примени 171 предмет , вкупно во работа имало 269 предмети, решени се 180 и остатокот на нерешени стари предмети на крајот на годината изнесувало 89 предмети. Што значи дека во однос на 2014 година намалени се старите предмети за 11 предмети.

## 5.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Според систематизацијата на Основниот суд Штип предвидени се 23 судии, а во текот на 2015 година работеле 19 судии и Претседателот на судот. Пополнетоста на административниот персонал: местото администратор е пополнето, раководители на оддели двајца нема пополнето, раководители на одделенија тројца нема пополнето, виши судски советници четворица нема пополнети, судски советник од тројца предвидени нема пополнето, советник и информатичар едно место не е пополнето, виш судски соработник едно место не е пополнето, судски соработник е предвидено 12, пополнети се 10 работни места. Помошни стручни судски службеници од предвидени 52 пополнети се 34, дактилографи од предвидените 24 пополнети се 21 работно место. Судска полиција од предвидените 6 пополнети се 4. Од техничкиот персонал 7 пополнети се 3 работни места или вкупно од предвидените 145 пополнети се 96 работни места што значи во проценти пополнетост од 66 %.

По однос на просторните капацитети во судот нема промени по однос на 2014 година.

## 6.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Судот во текот на 2015 година бил **апсолутно ефикасен**. И во наредниот период да се обрне внимание на старите предмети и квалитетот на работењето на предметите во двата оддела.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**